УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА – СКОПЈЕ

SS. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY IN SKOPJE
INSTITUTE OF NATIONAL HISTORY – SKOPJE

# БАЛКАНСКАТА ИСТОРИОГРАФИЈА И СОВРЕМЕНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ

Зборник на трудови од Меѓународниот научен симпозиум одржан по повод
70 години од основањето на Институтот за национална историја – Скопје
(Скопје, 9 – 10 ноември 2018 година)

# THE BALKAN HISTORIOGRAPHY AND CONTEMPORARY CHALLENGES

Proceedings of the International Scholarly Symposium Held on the
70th Anniversary of the Institute of National History – Skopje
(Skopje, 9 – 10 November 2018)

СКОПЈЕ/SKOPJE
2021

**БАЛКАНСКАТА ИСТОРИОГРАФИЈА И СОВРЕМЕНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ**
**THE BALKAN HISTORIOGRAPHY AND CONTEMPORARY CHALLENGES**

*Издавач*
Институт за национална историја – Скопје
ул. „Григор Прличев“ бр. 3
1000 Скопје, Република Северна Македонија, п. ф. 591

*За издавачот*
проф. д-р Драги Ѓоргиев, директор на ИНИ

*РЕДАКЦИЈА/EDITORIAL BOARD*
проф. д-р Драги Ѓоргиев (редактор) (С. Македонија)/Prof. Dr. Dragi Ǵorgiev (editor-in-chef) (N. Macedonia)
проф. д-р Марија Пандевска (С. Македонија)/Prof. Dr. Maria Pandevska (N. Macedonia)
проф. д-р Ирена Ставови-Кавка (Полска)/Prof. Dr. Irena Stawowy-Kawka (Poland)
проф. д-р Вера Гошева (С. Македонија)/Prof. Dr. Vera Goševa (N. Macedonia)
проф. д-р Митко Панов (С. Македонија)/Prof. Dr. Mitko Panov (N. Macedonia)
проф. д-р Љубица Јанчева (С. Македонија)/Prof. Dr. Ljubica Jančeva (N. Macedonia)
проф. д-р Катерина Мирчевска (С. Македонија)/Prof. Dr. Katerina Mirčevska (N. Macedonia)
проф. д-р Габор Деметар (Унгарија)/Prof. Dr. Gábor Demetar (Hungary)
проф. д-р Лилјана Гушевска (С. Македонија)/Prof. Dr. Liljana Guševska (N. Macedonia)
проф. д-р Катерина Младеновска-Ристовска (С. Македонија)/Prof. Dr. Katerina Mladenovska-Ristovska (N. Macedonia)
проф. д-р Росвита Керстен-Пејаниќ (Германија)/Prof. Dr. Roswitha Kersten-Pejanić (Germany)
проф. д-р Исамедин Азизи (С. Македонија)/Prof. Dr. Isamedin Azizi (N. Macedonia)
проф. д-р Габриела Топузовска (секретар) (С. Македонија)/Prof. Dr. Gabriela Topuzovska (secretary) (N. Macedonia)
проф. д-р Ирена Љубомировиќ (Србија)/Prof. Dr. Irena Ljubomirović (Serbia)
доц. д-р Александар Манојловски (С. Македонија)/Doc. Dr. Aleksandar Manojlovski (N. Macedonia)

# СОДРЖИНА/CONTENT


КОН БАЛКАНСКАТА ИСТОРИОГРАФИЈА И СОВРЕМЕНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ 11

TOWARDS THE BALKAN HISTORIOGRAPHY AND CONTEMPORARY CHALLENGES 13

**Анета ШУКАРОВА**

БАЛКАНОТ – ИЗВОРИШТЕ НА ФУНДАМЕНТАЛНИТЕ ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИ ИДЕИ ВО ЕВРОПА И ВО СВЕТОТ 17

Aneta ŠUKAROVA

THE BALKANS – THE SOURCE OF FUNDAMENTAL SOCIO-POLITICAL IDEAS IN EUROPE AND THE WORLD 17

**Јасминка КУЗМАНОВСКА**

ТОПОНИМИСКИОТ СУПСТРАТ НА ДОЦНОАНТИЧКАТА ΕΠΙ ΜΑΚΕΔΟΝΊΑΣ – МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП, ПРЕДИЗВИЦИ И КОНЦЕПТИ ВО ПРОУЧУВАЊЕТО 27

Jasminka KUZMANOVSKA

THE TOPONYMIC SUBSTRATUM OF ΕΠΙ ΜΑΚΕΔΟΝΊΑΣ IN LATE ANTIQUITY – METHODOLOGICAL APPROACH, CHALLENGES AND RESEARCH CONCEPTS 27

**Драган ЗАЈКОВСКИ**

КОН ПРАШАЊЕТО ЗА ПОГЛАВАРИТЕ НА ЦРКВАТА ВО САМОИЛОВАТА ДРЖАВА: ПОМЕЃУ МИТОТ И ИСТОРИЧНОСТА 41

Dragan ZAJKOVSKI

ON THE ISSUE OF THE FIRST HEADS OF CHURCH IN SAMUEL'S STATE: BETWEEN MYTH AND HISTORICITY 41

**Драги ЃОРГИЕВ**

ПОЈАВАТА НА ЧИФЛИЗИТЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА БАЛКАНОТ: НЕКОИ СПЕЦИФИКИ ЗА МАКЕДОНИЈА (XIX ВЕК) 49

Dragi ǴORGIEV

APPEARANCE OF ČIFLIGS ON THE THERITORY OF THE BALKANS: SPECIFIC CHARACTERISTICS FOR MACEDONIA (19TH CENTURY) 49

**Катерина ВЕНЕДИКОВА**
ЗА НЕКОИ СТУДИИ НА ОСМАНЛИСКО-ТУРСКАТА ЕПИГРАФИЈА ПОВРЗАНИ СО ИСТОРИЈАТА И СО КУЛТУРАТА НА МАКЕДОНИЈА 61
Katerina VENEDIKOVA
ABOUT SOME STUDIES ON OTTOMAN-TURKISH EPIGRAPHY, RELATED TO THE HISTORY AND CULTURE OF MACEDONIA 61

**Александар ТРАЈАНОВСКИ**
ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА 1000-ГОДИШНИНАТА ОД СМРТТА НА СЕСЛОВЕНСКИОТ ПРОСВЕТИТЕЛ СВЕТИ МЕТОДИЈ СОЛУНСКИ (+885 – 1885) 71
Aleksandar TRAJANOVSKI
MARKING THE 1000TH ANNIVERSARY OF THE DEATH OF THE SLAVONIC EDUCATOR ST. METHODIUS OF THESSALONIKI (+885 – 1885) 71

**Митко Б. ПАНОВ**
РУСКИТЕ ИСТОРИОГРАФИ И РЕОТКРИВАЊЕТО НА САМУИЛ ВО XIX ВЕК: ПРОЕКТИРАЊЕ НА СРЕДНОВЕКОВНОТО МИНАТО ВО СОВРЕМЕНИТЕ ПОЛИТИЧКИ ПРОЕКТИ НА БАЛКАНОТ 91
Mitko B. PANOV
RUSSIAN HISTORIOGRAPHERS AND THE REDISCOVERY OF SAMUEL IN THE 19TH CENTURY: PROJECTING THE MEDIEVAL PAST ONTO THE CONTEMPORARY POLITICAL PROJECTS ON THE BALKANS 91

**Македонка МИТРОВА**
КОН СОЗДАВАЊЕТО И РАЗВОЈОТ НА СРПСКАТА ДРЖАВА 103
Makedonka MITROVA
TOWARDS THE CREATION AND DEVELOPMENT OF THE SERBIAN STATE 103

**Лилјана ГУШЕВСКА, Веселинка ЛАБРОСКА**
ЈАЗИКОТ КАКО СРЕДСТВО ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ЗА КУЛТУРНА АФИРМАЦИЈА (МАКЕДОНСКИОТ И ХРВАТСКИОТ СЛУЧАЈ ВО XIX ВЕК И ВО ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК) 117
Liljana GUŠEVSKA, Veselinka LABROSKA
LANGUAGE AS A MEANS FOR IDENTIFICATION AND CULTURAL AFFIRMATION (MACEDONIAN AND CROATIAN CASE IN THE 19TH AND BEGINNING OF THE 20TH CENTURY) 117

**Димитар ЉОРОВСКИ ВАМВАКОВСКИ**
ИСТОРИЈАТА И НАЦИОНАЛНАТА МОБИЛИЗАЦИЈА: ГЕРМАНОС КАРАВАНГЕЛИС (1866 – 1935) И ПАВЛОС МЕЛАС (1870 – 1904) 133
Dimitar LJOROVSKI VAMVAKOVSKI
HISTORY AND NATIONAL MOBILIZATION: GERMANOS KARAVANGELIS (1866 – 1935) AND PAVLOS MELAS (1870 – 1904) 133

**Марија ПАНДЕВСКА**
ЕДНА БУГАРСКА БРОШУРА (1905) И МНОГУ ОТВОРЕНИ ПРАШАЊА: СПОДЕЛЕНА, ЗАЕДНИЧКА ИЛИ ОДРАЗЕНА ИСТОРИЈА? 147
Maria PANDEVSKA
A BULGARIAN BROCHURE (FROM 1905) AND MANY OPEN DILEMMAS: SHARED, COMMON OR REFLECTIVE HISTORY? 147

**Ардиан ЛИМАНИ**
ПРЕТСТАВАТА ЗА БАЛКАНСКИТЕ НАРОДИ ВО ВЕСНИКОТ *SHKUPI* (1911 – 1912) 163
Ardian LIMANI
PRESENTATION OF THE BALKAN PEOPLES IN *SHKUPI* NEWSPAPER (1911 – 1912) 163

**Ирена ЉУБОМИРОВИЌ**
АРХЕОЛОШКИТЕ ИСКОПУВАЊА НА НИКОЛА ВУЛИЌ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА ОД ДВАЕСЕТТИОТ ВЕК 171
Irena LJUBOMIROVIĆ
NIKOLA VULIĆ'S ARCHAEOLOGICAL EXCAVATIONS ON THE TERRITORY OF MACEDONIA IN THE FIRST HALF OF THE TWENTIETH CENTURY 171

**Ирена СТАВОВИ-КАВКА**
ТАЈНИОТ БУГАРСКО-ЈУГОСЛОВЕНСКИ ДОГОВОР: БЛЕД 1947 179
Irena STAWOWY-KAWKA
THE SECRET BULGARIAN-YUGOSLAV AGREEMENT: BLED 1947 179

**Катерина МИРЧЕВСКА**
ОРАЛНА ИСТОРИЈА ПРЕТОЧЕНА ВО ЗАПИС: ХРОНИКИ НА КОСТУРСКИТЕ СЕЛА 193
Katerina MIRČEVSKA
ORAL HISTORY TRANSFORMED INTO WRITING: CHRONICLES OF KASTORIA VILLAGES 193

**Стојко СТОЈКОВ**
ИСТОРИЈАТА КАКО ОРУЖЈЕ: МИТОТ ЗА „НАСИЛНАТА МАКЕДОНИЗАЦИЈА" ВО БУГАРСКАТА ПОЛИТИКА И НАУКА 205
Stojko STOJKOV
HISTORY AS A WEAPON: THE MYTH OF "FORCED MACEDONIZATION" IN BULGARIAN POLITIC AND SCIENCE 205

**Маја АНГЕЛОВСКА-ПАНОВА**
БОГОМИЛСТВОТО ВО ОПУСОТ НА ДИМИТАР АНГЕЛОВ: МАРКСИСТИЧКАТА ИДЕОЛОГИЈА НАСПРОТИ ПОСТКОМУНИСТИЧКАТА АКСИОЛОГИЈА 233
Maja ANGELOVSKA-PANOVA
THE BOGOMIL MOVEMENT IN THE WORK OF DIMITAR ANGELOV: MARXIST IDEOLOGY VS. POST-COMMUNIST AXIOLOGY 233
**Драгица ПОПОВСКА**
ИСТОРИЈАТА, СЛИКИТЕ НА ИСТОРИЈАТА И ИСТОРИЧАРИТЕ: СОВРЕМЕНИ ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ 243
Dragica POPOVSKA
THE HISTORY, IMAGES OF HISTORY AND HISTORIANS: CONTEMPORARY CHALLENGES AND PERSPECTIVES 243
**Маќеј КАВКА**
КАКО СЕ ГРАДИ ИСТОРИЈА ВО ЛИТЕРАТУРАТА – *ПАСКВЕЛИЈА* ОД ЖИВКО ЧИНГО 251
Maciej KAWKA
HOW HISTORY IS BUILT IN LITERATURE – *PASKVELIJA* BY ŽIVKO ČINGO 251
**Кристина ДИМОВСКА**
МАРКО КРАЛЕ НИЗ ВИЗУРАТА НА НЕКОИ ПАРЕМИОЛОШКИ ИСКАЗИ (СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ПЕСНАТА *МАРКО И ШАИНА РОБИНА*) 259
Kristina DIMOVSKA
MARKO KRALE SEEN THROUGH PAREMIOLOGIC UTTERANCES (WITH A SPECIAL REVIEW OF THE POEM *MARKO AND SHAINA THE SLAVE*) 259
**Ивана ХАЏИЕВСКА**
ВИРЏИНА/ТОБЕЛИЈА: ТЕОРЕТИЗИРАЊЕ ЗА ФЕНОМЕНОТ НА РОДОВА ТРАНСФОРМАЦИЈА ВО СОВРЕМЕНАТА БАЛКАНСКА ИСТОРИОГРАФИЈА И ЕТНОГРАФИЈА 271
Ivana HADŽIEVSKA
VIRDŽINA/TOBELIJA: THEORIZING ON THE PHENOMENON OF GENDER TRANSFORMATION IN CONTEMPORARY BALKAN HISTORIOGRAPHY AND ETHNOGRAPHY 271
**Исамедин АЗИЗИ, Хидајете АЗИЗИ**
ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ОКОЛНОСТИ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ИЗБОРОТ НА ЛИЧНОТО ИМЕ КАЈ АЛБАНЦИТЕ 285
Isamedin AZIZI, Hidajete AZIZI
THE SOCIAL AND POLITICAL CIRCUMSTANCES IN THE SOCIALIST REPUBLIC OF MACEDONIA AND SELECTION OF PERSONAL NAMES WITH THE ALBANIANS 285

**Јасмина ШАРАНАЦ-СТАМЕНКОВИЌ**
ИВАН ЃУРИЌ ЗА РАЗБИРАЊЕТО И ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ПРОСТОР 297
Jasmina ŠARANAC-STAMENKOVIĆ
IVAN ĐURIĆ ON THE UNDERSTANDING AND MEANING OF YUGOSLAV SPACE 297
**Ратомир МИЛИКИЌ**
РАСПАДОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА И ЕВРОПСКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА 303
Ratomir MILIKIĆ
THE BREAK-UP OF SOCIALIST FEDERAL REPUBLIC OF YUGOSLAVIA AND EUROPEAN INTEGRATIONS, WITH SPECIAL REFERENCE TO THE COUNCIL OF EUROPE 303
**Борче МИЛОШЕСКИ**
РАСПАДОТ НА ЈУГОСЛАВИЈА ВО СОВРЕМЕНАТА НАСТАВА ПО ИСТОРИЈА ВО ГИМНАЗИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 319
Borče MILOŠESKI
THE BREAKDOWN OF YUGOSLAVIA IN THE CONTEMPORARY HISTORY TEACHING IN HIGH SCHOOL EDUCATION IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA 319
**Росвита КЕРСТЕН-ПЕЈАНИЌ**
ДИСКУРСИ НА НАЦИОНАЛИСТИЧКИ ТЕНЗИИ ВО ПОСТКОНФЛИКТНИТЕ ГРАНИЧНИ РЕГИОНИ НА ХРВАТСКА: ЛИНГВИСТИЧКА ПЕЈСАЖНА СТУДИЈА НА ЕТНИЧКАТА ПРИПАДНОСТ 327
Roswitha KERSTEN-PEJANIĆ
PREVAILING DISCOURSES OF NATIONALIST TENSIONS IN POST-CONFLICT BORDER REGIONS IN CROATIA: A LINGUISTIC LANDSCAPE STUDY OF ETHNIC BELONGING 327
**Вемунд АРБАКЕ**
ГРЧКИТЕ ЈАВНИ И АКАДЕМСКИ ДИСКУРСИ ЗА МАКЕДОНИЈА И НИВНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ ЗА ПОЛИТИЧКОТО РЕШЕНИЕ НА ТАКАНАРЕЧЕНИОТ „ПРОБЛЕМ СО ИМЕТО“ 343
Vemund AARBAKKE
THE GREEK PUBLIC AND ACADEMIC DISCOURSES ON MACEDONIA AND THEIR IMPLICATIONS FOR THE POLITICAL SOLUTION OF THE SO-CALLED ‘NAME ISSUE’ 343

**Ѓон БОРИЧИ**
БАЛКАНСКИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ВО КОНТЕКСТ НА ГЛОБАЛНИТЕ СОЈУЗНИШТВА НА СВЕТСКИТЕ СИЛИ: ИСТОРИСКИ ПРЕГЛЕД 351
Gjon BORIÇI
THE BALKAN CHALLENGES IN THE CONTEXT OF THE GLOBAL ALLIANCES OF WORLD POWERS: A HISTORIC VIEW 351
**Пшемислав КАНТОРСКИ**
МЕХАНИЗМИТЕ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА КАТАСТРОФИЧКИТЕ НИШКИ ВО МЕДИУМИСКИОТ ДИСКУРС ЗА БЕГАЛЦИТЕ 365
Przemysław KANTORSKI
THE MECHANISMS OF IDENTIFYING CATASTROPHIC THREADS IN MEDIA DISCOURSE ON REFUGEES 365
**Наташа ДИДЕНКО**
КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКИ ДРУШТВА И МАНИФЕСТАЦИИ ВО НР/СР МАКЕДОНИЈА: ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ И ПРЕДИЗВИЦИ 371
Nataša DIDENKO
CULTURAL-ARTISTIC ASSOCIATIONS AND MANIFESTATIONS IN THE PR/SR MACEDONIA: THE HISTORICAL DEVELOPMENT AND CHALLENGES 371
**Габриела ТОПУЗОВСКА**
РАЗВОЈОТ НА ИСТОРИЈАТА НА МЕДИЦИНАТА ВО МАКЕДОНИЈА: МЕЃУ ИЗУЧУВАЊЕТО И ЗАБОРАВОТ 383
Gabriela TOPUZOVSKA
THE DEVELOPMENT OF THE HISTORY OF MEDICINE IN MACEDONIA: BETWEEN RESEARCH AND OBLIVION 383
**Ирена РАЈЧИНОВСКА-ПАНДЕВА**
ТРАНЗИЦИЈАТА НА БАЛКАНОТ – ПРЕМИН КОН НОВОТО „НЕСИГУРНО“ ИЛИ ПОТРАГА ПО НОВОТО „НОРМАЛНО“ 395
Irena RAJČINOVSKA-PANDEVA
THE TRANSITION OF THE BALKANS - TOWARDS THE NEW “UNCERTAIN” OR THE SEARCH OF THE NEW “NORMAL” 395
**Рубин ЗЕМОН**
БАЛКАНСКАТА ИСТОРИОГРАФИЈА ВО КОНТЕКСТ НА „СВЕТОТ ШТО НИ БЕГА“ И НА „ТЕЧНАТА МОДЕРНОСТ“ 411
Rubin ZEMON
BALKAN HISTORIOGRAPHY IN THE CONTEXT OF “RUNAWAY WORLD” AND “LIQUID MODERNITY” 411

Стојко СТОЈКОВ* UDK 329.15(497.2):323.15(=163.3:497.22)"1948"

# ИСТОРИЈАТА КАКО ОРУЖЈЕ: МИТОТ ЗА „НАСИЛНАТА МАКЕДОНИЗАЦИЈА" ВО БУГАРСКАТА ПОЛИТИКА И НАУКА

**Abstract:** The term "Macedonization" was created by the communist regime in Bulgaria at the beginning of the conflict with Yugoslavia in April 1948 and first referred only to the alleged aspiration that the Bulgarian minority in Pirin Macedonia be made Macedonian. On 29 July 1948, after Yugoslavia used the fact that the majority of the population in Pirin Macedonia was registered as being Macedonian in the 1946 census as an argument for asking for the autonomy of Pirin Macedonia, the Bulgarian communist party retroactively proclaimed the results of the said census to be not the result of free self-determination of the population but a product of administrative measures. After the census in 1956 confirmed, to the surprise of the authorities, the result of the 1946 census and showed that 63.6% of the population in Pirin Macedonia was Macedonian, the politics of recognition of the Macedonian minority was abandoned and replaced with Bulgarization of the population by force, which resulted in sending a few thousand Macedonians to jail or in exile. In parallel, the myth of "forceful Macedonization" was created to "explain" the results of the 1946 and 1956 censuses. Despite the fact that, to this moment, no *corpus delicti* has been presented to corraborate the violence or force-fullness of the so-called "Macedonization", this myth has become the core of the position of both the Bulgarian official state and Bulgarian historiography, and the main excuse for continuing with the politics of discrimination and assimilation of the Macedonian minority in Bulgaria to this day.

**Keywords:** Bulgarization, Macedonization, nationalism, national mythology, ideology, Bulgarian communist party, Macedonian minority, Pirin Macedonia violence.

Идејата за „насилна македонизација" се раѓа, се развива и постои во Бугарија како обид да се објасни (и да се одрече) „аномалијата" македонска нација во рамките на една национална идеологија чија клучна аксиома е дека *Македонците биле и можат да бидат само Бугари.*[1] Оваа идеја од почетокот содржи две меѓусебно тесно

* Универзитет „Гоце Делчев", Факултет за образовни науки, е-адреса: ratevski@gmail.com.

1 Тврдењето дека сите Македонци се Бугари, Бонева, Николов и Рудометов дури го нарекуваат „sacred taboo", кое малцина во Софија се дрзнуваат да го нарушат (Stoyanova-Boneva Bonka, Stephan Nikolov, Victor Roudometof, „In Search of "Bigfoot": Competing Identities in Pirin Macedonia, Bulgaria", *The Macedonian question: Culture, Historiography, Politics* (ed. Victor Roudometof), Columbia University Press, New York 2000, 239.

поврзани компоненти. Едната е насочена кон Вардарска Македонија,[2] а другата кон Пиринска. И во двата случаи виновникот за „аномалијата“ е Комунистичката партија, а инструментот за нејзиното појавување – насилството. Тема на оваа статија е вториот аспект, изграден врз максимата на Тодор Живков дека: „Населението од пиринскиот крај е дел од бугарската нација. Никаква македонска националност таму нема и не може да има.“[3] Од 60-тите години на XX век до денес бугарската историографија ја имала тешката задача да објасни зошто наспроти резултатите од пописите,[4] илјадниците кои биле репресирани поради својата македонската самосвест за време на комунизмот[5] и дискриминацијата на десетици македонски организации по 1990 г., која доведува до 13 пресуди во Стразбур,[6] сепак, македонско малцинство не постои.

Во најширока смисла, синтагмата „насилна македонизација“ и нејзините варијанти се употребуваат за таканаречената културна автономија во Пиринска Македонија.[7] Временски, културната автономија, а со тоа и „насилната македонизација“, може да се постави максимално и формално помеѓу 9 и 10 август 1946 (од Десеттиот пленум на ЦК на БРП[к]) и крајот на март 1948 г. (т. е. најмногу 20 месеци), а пореално може да се зборува за такво нешто во периодот по 1 август 1947 г. (Бледскиот договор) и особено од крајот на 1947 г. (кога тој започнува да се реализира) до крајот на март 1948 г. (кога БРП[к] го менува својот став по македонското прашање), или во крајна линија, може да се смета до завршувањето на учебната година во мај/јуни 1948 г., кога се протерани македонските учители (т. е. се реализира во период од само 4-5 месеци).[8]

„Насилната македонизација“ е ограничена не само временски туку и суштински. Имено, таа се состоела од: отворање три македонски книжарници во Пиринска

---

2 Любомир Панайотов, Костадин Палешутски, Добрин Мичев, *Македонският въпрос и българо – югославските отношения*, София 1991, 101–103. Авторите дури и претскажуваат дека бидејќи е без основа, „’македонската нација‘ не е историска реалност и нема трајна иднина (...). Таа ќе падне (...).“ (103).

3 БКП, *Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946)*, т. 2, София 1999, 1288, 1292, 1293.

4 Пописите од 1946 г. до 2011 г. регистрираат илјадници Македонци во Бугарија.

5 Стойко Стойков, *Табу, Време на страх и страдание, Преследването на македонците в България по времето на комунизма (1944 – 1989)*, Благоевград 2014.

6 European Court of Human Rights (натаму: EctHR Application № 59491/00 (Judgment of 19 January 2001)m № 59489/00 (20 October 2005), № 46336/99 (24 November 2005), № 59491/00 (19 January 2006), № 34960/04 (18 October 2011), № 37586/04 (18 October 2011), № 48284/07 (18 October 2011), № 41561/07 and 20972/08 (18 October 2011), № 29496/16, № 70502/13, № 17599/07 (January 2018), № 29496/160, № 67197/13 (28 May 2020).

7 Stephan Nikolov, „Perceptions of Ethnicity in the Bulgarian Political Culture: Misunderstanding and Distortion“, *The Macedonian question: Culture, Historiography, Politics* (ed. Victor Roudometof), Columbia University Press, New York 2000, 227; Веселин Ангелов, *Хроника на едно национално предателство. Опитите за насилствено денационализиране на Пиринска Македония*, София 2004.

8 Во извештајот на пиринските комунисти од 24 јули 1947 г., изготвен на барање на Георги Димитров, за она што било направено по македонското прашање, основните квалификации се „малку“, „ништо“, „недоволно“ (*Македонският въпрос в българо-югославските отношения (1952 - 1967 г.)*, София 2009 (натаму: *МВ* 1952-1967), 209, 210.

Македонија (кои постоеле од неколку месеци до една година), еден македонски театар (една сезона), уредување на една страница на македонски јазик во неделникот *Пиринско дело*, воведување часови по македонски јазик во бугарските училишта во Пиринска Македонија (во едно училишно полугодие по 2-3 часа неделно) и по македонска историја – 1 час (наспроти 2 часа за бугарска), претплаќање на македонски весници и списанија (започнува срамежливо во институциите по 2 декември 1947 г. и се шири во училиштата во февруари 1948 г., а се напуша во април 1948 г., така што трае вкупно 2 до 4 месеци), организирање задолжителни курсеви по македонски јазик за учителите (од 1 до 2 месеци). Акцијата за изучување на македонскиот јазик не успеала да ги опфати ниту половината од училиштата и од администрацијата.[9]

Пиринска Македонија во посочениот период продолжува во секоја смисла да биде дел од бугарскиот културен, образовен, општествен и политички живот и нејзиниот македонски културен живот често не се ни чувствува.[10] За целиот период на клучни позиции во администрацијата имало луѓе кои не ја поддржуваат или дури се спротивставуваат на културната автономија.[11] Како што постојано се потенцира во постојната документациј, во однос на „македонска линија" се правело исклучително малку, а таа дури е саботирана од Софија.[12] Единствената специфика во периодот меѓу 1946 и 1948 г. било прашањето за евентуалното присоединување кон НР Македонија и за планираната јужнословенска федерација.

Ова краткотрајна млака и недоследна политика е она што пост фактум ќе биде наречено „насилна македонизација". Нејзиното хипердимензионирање е некоректно и идеолошки мотивирано.

---

9 Од Македонија биле испратени 93 учители во област со 250 000 население, кои успевале да покријат одвај 40 % од училиштата. Лазар Мојсов, БРП (к) и македонското национално прашање, Скопје 1978, 244, 245). Види и: Стојко Стојков, „Изучувањето на македонската национална историја во бугарските училишта", *Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи*, Штип 2016, 65.

10 Една од честите поплаки на македонски активисти од тоа време е насочена, имено, кон тоа што во медиумите, учебниците, администрацијата, но и при посетата на бугарските политичари, Пиринска Македонија се третира како обична бугарска област (спореди, на пример, во дискусиите на 6 јануари 1947 г. во Софија во: *Македонският въпрос в българо-югославските отношения [1944 – 1952]*, София 2004 {натаму: *МВ*}, 144 – 150). Дури на 2 декември 1947 г. ОбК на ОФ ќе преземе мерки за „да можеме да дадеме реален облик на македонскиот карактер на населението од пиринскиот крај на Македонија" (*МВ*, 234), но сепак на обласниот пленум на ОбК на БРП(к), одржан на 8 јануари 1948 г., ќе се тврди дека: „Нашата администрација сѐ уште зборува како бугарска, а не како администрација во македонска област, а и сите документи и регистри ги води така" (*МВ*, 250).

11 *МВ*, 213–217, 292.

12 Во целиот период се регистрираат постојани жалби од страна на пиринските комунисти за тоа дека не им се помага, дека им се прават пречки и дека иницијативите на месниот кадар се саботираат од Софија. Иван Катарџиев, *Македонската емиграција во Бугарија 1944 – 1950*, Скопје 2008, 172; МВ, 209–210, 219, 221, 235, 236, 258, 271, 292.

**Политиката и терминологијата: појава и еволуција на поимот**

„Македонизација“ како поим не постоел во времето кога таа, наводно, се случувала. Се користеле термините: *подигање (или варијантите: засилување, избистрување, (до) оформување, култивирање, стабилизирање, разбудување) на македонската свест на населението*, што подразбирало дека кај населението постои македонска свест, но дека таа е недоволно развиена и има потреба да биде засилена и подигната на повисоко ниво. „Насилна македонизација“ ќе се појави по април 1948 г., како одраз на конкретни политички промени и ќе има долг развој во рамките на политиката пред да премине во историографијата.

Појавата на поимот се случува во време на ескалацијата на судирот помеѓу Сталин и Тито во пролетта и летото 1948 г. На 10 февруари 1948 г. во Москва, Сталин им поставува на бугарските и на југословенските претставници како непосредна задача да создадат јужнословенска федерација[13] и со тоа начинот на кој ќе се разреши македонското прашање меѓу двете земји станува многу актуелен проблем. Софија на 14 февруари реагира со формирање „комисија која треба да одговара за работата во македонскиот крај“, на чие чело бил токму противникот на „македонската линија“ – Владимир Поптомов.[14] Нема сомнение дека Централниот комитет на Бугарската работничка партија (комунисти) (натаму: ЦК на БРП[к]) уште претходно размислува за тоа како да постигне подобар договор со Југославија: тој уште порано имал заземено курс кон проблематизирање на границите на Пиринска Македонија при идното присоединување.[15]

Меѓутоа, настаните земаат неочекувана насока со отпорот на Југославија да му се потчини на СССР.[16] На 19 февруари 1948 г. Комунистичката партија на Југославија (натаму: КПЈ) веќе има тајна одлука да се откаже од федерацијата, а по 1 март за непослушноста на КПЈ веќе се знае во СССР. На 14 март БРП(к) е известена од КПЈ дека „сега е уште многу рано да се зборува за федерација“.[17] Веднаш потоа започнува полека

[13] *МВ*, 266, 269, 270.

[14] *МВ*, 271; Ангелов, *Хроника*, 312–350. Познат како отворен опонент на македонската линија на БРП(к) од тоа време, Поптомов во 1946 г. е отстранет од работа од местото во Политбирото надлежно за тоа прашање и е заменет со Червенков и со Чанков (*МВ*, 505). Неговото враќање во февруари и особено во април 1948 г. зборува многу за новите тенденции во ЦК на БРП(к). За ставовите на Поптомов зборуваат неговата лекција од 8 декември 1946 г., ставовите од 7 јануари 1947 г., барањето од јануари 1947 г. во врска со тоа долината на реката Места (т. е. и неговата родна Белица) да не се третира како дел од Пиринска Македонија и да не ѝ се дава на НР Македонија, ниту пак да се вклучува во културната автономија, како и спомените на неговата ќерка Ана Владимирова Поптомова и оние на неговите современици Иван Масларов, Г. Мадолев и Георги Боков објавени во: В. Ангелов, Вик в съня. *Материали за съпротивата на Владимир Поптомов срещу македонизацията в Пиринския край (1944–1949)*, София 2005, 108, 114, 115, 119–121.

[15] *МВ*, 258.

[16] Jeronim Perović, „The Tito–Stalin split: a reassessment in light of new evidence“, *Journal of Cold War Studies*, 9(2), 2007, 34–35.

[17] *МВ*, 366.

да ескалира конфликтот меѓу Москва и Белград: на 18 март СССР ги повлекува своите воени советници од Југославија, а надворешната комисија на ВКП(б) (Всесоюзная Коммунистическая партия [большевиков]) донесува документ во кој зборува за „грешките“ на КПЈ. На 27 март е испратено првото писмо на Сталин и Молотов до КПЈ со обвиненија за антисоветски и антимарксистички позиции и политики.

Не е познато колку добро биле информирани во БРП(к) за сите овие промени, но дека нешто им било познато, добро се гледа од нивните дејства. Промените во политиката во однос на македонското прашање ќе се случат непосредно по писмото на Сталин и нема да имаат ништо заедничко со наводниот отпор во Пиринска Македонија, како што понекогаш се тврди.[18] Годишните извештаи на околиските комитети на Отечествениот фронт (натаму: ОФ) и на БРП(к) во Пиринска Македонија, направени на нивните годишни конференции на крајот од март 1948 г., констатираат успех на културната автономија и зборуваат за нејзиното прифаќање од населението – ништо во нивната содржина не можело да предизвика загриженост или промена на политиката во Софија.[19] Месецот март 1948 г. е и време на триумф на комунистичкиот режим во Пиринска Македонија – тогаш се уништени антикомунистичките вооружени групи на браќата Рујчеви и на Герасим Тодоров, а со тоа се скршени и обидите за организирање вооружен антикомунистички отпор.

Меѓутоа, во деновите непосредно по писмото на Сталин, на почетокот на април 1948 г. во комунистичкиот врв на Бугарија започнува акција за промена на политиката во однос на македонското прашање и поконкретно во однос на дејноста на македонските учители и книжари во Пиринска Македонија, а со цел да се засилат бугарските позиции наспроти Југославија. Поводот за промената е создаден вештачки – преку две писма, кои „алармираат“ за положбата во Пиринска Македонија. Водач на акцијата е, имено, Владимир Поптомов, кој е и автор на едно од двете писма, односно на она напишано на 5 април. Второто писмо ќе биде испратено од друг познат опонент на македонската политика од ЦК на БРП(к) – петричкиот околиски училиштен инспектор Димитар Стојанов, и тоа божем како анонимно писмо на незадоволни родители.[20] Врз база на овие две писма (од кои едното е „анонимно“), на 6 април е создаден анкетен прашалник од министерот на просветата, кој на 7 април е преработен од Поптомов. На 13 април веќе има одлука за тоа дека ќе има нови ставови за македонското прашање и дека тие ќе им бидат предочени на активистите во Пиринска Македонија. (Интересно совпаѓање е тоа што се работи за истиот ден кога КПЈ му одговара на Сталин и ги отфрла

[18] Ангелов, *Хроника*, 312–350

[19] *МВ*, 278–283.

[20] Веројатно е напишано од самиот Стојанов, а по порачка на Поптомов, како што се гледа од содржината и од стилот на писмото и од начинот на кој Владата и ЦК на БРП(к) го третираат тоа „анонимно писмо“ (дека Стојанов бил против македонската линија и македонскиот јазик, кој го нарекувал цигански [во анонимката стои „бабински“], и дека ЦК бил информиран за неговото однесување, но не реагирал, *МВ*, 411).

сите обвиненија, одбивајќи да се потчини.) На 15 април новите тези се завршени и потпишани од Георги Димитров, а на 16 април тие се претворени во позиција на врвот на ОФ. На 17 април веќе има наредба на Обласниот училиштен инспекторат во таа насока. На 23 и на 25 април новите тези им се објаснети на активистите на БРП(к) и на ОФ во Пиринска Македонија, без да се допуштат дискусии во врска со нив. Брзината на промената и нејзиното наложување зборуваат сами по себе. Реално, поминале само 10 дена од добивањето на „сигналите" до завршување на новите тези и уште 10 до нивното „изјаснување" на теренот.[21]

Имено, во овој процес се појавува терминот „македонизација". Го наоѓаме за првпат во писмото на Поптомов од 5 април напишан во наводници и означен како „таканаречена" (иако никој не го користи претходно) и „монструозна",[22] а 10 дена потоа и во тезите на Г. Димитров (во чие изготвување, веројатно, повторно зел учество Поптомов),[23] но веќе без наводници: „вештачка, принудна македонизација на целото население".[24]

Тука, меѓутоа, се мисли не на политиката на подигање на македонската свест, туку на евентуалниот стремеж да бидат направени Македонци сите во Пиринска Македонија.[25] Новата позиција настапува во името на марксистичкиот принцип на самоопределба (за да се обвини Југославија за неговото нарушување), а во заштита на малцинствата во Пиринска Македонија кои, наводно, биле загрозени од асимилација:

---

[21] Хронологијата на настаните е дадена погрешно и тенденциозно кај Ангелов (*Вик в съня*, 85, 86), кој како почеток го зема писмото на министерот Драмалиев од 13 март што се однесува на македонските учители, кое, меѓутоа, нема врска со критиките насочени кон нивната дејност, туку е „проверка по писмото на југословенската партија" од 13 февруари за тоа дека на тие учители им се прават пречки (*МВ*, 270, 276), т. е. линијата е сосема спротивна и оди во корист на дејноста на учителите. Понатаму, погрешно се датираат – на 17 март, првиот прашалник изготвен од Драмалиев и барањето Борис Вапцаров да изврши проверка во однос на него, зашто тие се од почетокот на април и се одговор, имено, на „анонимното писмо" на Димитар Стојанов и на писмото на самиот Поптомов, кој и ја оформува последната варијанта на прашалникот (*МВ*, 286, 287). На таков начин се подметнува погрешната теза дека промената доаѓа како последица од отпорот на населението и од информациите дојдени по административен пат, а не дека е започната од горе како резултат на тивкиот судир со Југославија на база на две писма порачани од централата; се прикрива и фактот дека промените се извршени со огромна брзина и без никакви реални проверки и консултации со месниот кадар, кој е ставен пред свршен чин.

[22] *МВ*, 285. Тука е искористена и синтагмата, повторно во наводници, „македонска пропаганда" (двапати) и се зборува за „неправилно, пресилено, да не речам монструозно 'македонизирање' на населението" (*МВ*, 285–287).

[23] Поптомов ја има главната улога во акцијата против Југославија во однос на македонското прашање: освен своето писмо и последната верзија на прашалникот за проверка по добиените „сигнали", тој раководи со седницата на ЦК на БРП(К) на таа тема, го изготвува и самиот го презентира рефератот во кој новите тези се пренесени на комунистите во Пиринска Македонија.

[24] *МВ,* 290, 291.

[25] Според со мислењето на Д. Бодуров изнесено на седницата на Политбиро на ОФ од 16 април 1948 г.: „Задачата на нашите другари во пиринскиот крај е само да го помагаат националното осознавање на населението таму, а не да ги прават сите Македонци" (*МВ*, 292).

„Бидејќи во пиринскиот крај освен Македонците има и Бугари и други националности, не може да се допушти вештачко, принудно македонизирање на целото население. (...) Неопходно е да му се гарантира на секого слободата да си ја одреди својата националност како Македонец или да се смета за Бугарин. (...) во интерес на општото наше дело во овој крај е да го користат еднакво правото на свои училишта, театар, весници, книжарници и на други институции како Македонците така и Бугарите, Турците и други националности во пиринскиот крај."[26] Меѓутоа, таквата претензија била лишена од секаква основа зашто сите училишта и институции во Пиринска Македонија биле бугарски и во нив се користел бугарскиот јазик. Тезите, сепак, не произлегуваат од моментната ситуација на теренот, ниту се јавуваат како реакција на нешто што реално постои – тие се насочени кон идното решавање на македонското прашање.

Многу важно е да се потцрта дека во текот на април, а и до крајот на јули 1948 г., за БРП(к) „принудувањето" официјално не се однесува на пописот од 1946 г. и на неговите резултати, туку на дел од дејноста на македонските учители по февруари 1948 г. и поконкретно на обврската македонскиот јазик да се изучува и од луѓето со бугарска самосвест и на задолжителната претплата за македонски весници.[27] БРП(к) ги прифаќа, а не ги оспорува резултатите од пописот во 1946 г., според кои Македонците се мнозинство во Пиринска Македонија и затоа имаат право да се обединат со НР Македонија.[28] Тезата е дека Бугарите се малцинство таму и, имено, како малцинство треба да се заштиени, а Југославија се напаѓа за нарушување на марксистичкиот принцип на самоопределување од националистички причини поради ставот дека и тие малобројни Бугари треба да се третираат како Македонци. Единствено Поптомов во април 1948 г. ќе зборува за притисок во текот на пописот, кој, според него, оставил лош впечаток, но си останува сам со своите тврдења. Во Пиринска Македонија неговите искажувања се примени како нешто што е „констатирано" на седницата на ЦК што ја водел тој, но никој друг не го поддржува или не го потврдува тоа.[29]

---

26 *МВ*, 290, 291.

27 *Насилие, политика и памет, Комунистическият режим в Пиринска Македония – рефлексии на съвременника и изследователя*, съст. Михаил Груев и др. Университетско издателство „Св. Климент Охридски", София 2011, 79 (натаму: Груев, *Насилие*).

28 Види го искажувањето на членот на Политбиро Г. Чанков на седницата на Постојаното биро на ОФ по македонското прашање од 16 април 1948 г.: „Секое негирање во каква било форма дека поголемиот дел од населението од пиринскиот крај е македонско е појава на великобугарски шовинизам (...) избиструвањето на македонското национално сознание треба да стане само на доброволен начин" (*МВ*, 293). Понатаму, види го одговорот на Поптомов на прашањето од новинарот на *Тајмс* за барањето на Колишевски за присоединување на Пиринска Македонија, поставено на прес-конференцијата одржана на 11 јуни 1948 г. во Будимпешта: „Ако во пиринскиот крај, каде што има 250 000 Македонци, посакаат да се присоединат кон Југославија, Бугарија нема да се спротивставува на тоа " (*МВ*, 335).

29 Поптомов, по сѐ изгледа, ја изнел оваа теза на седницата на ЦК на БРП(к) од 22 април 1948 г. со која претседавал, а таа веднаш е заведена како „кратка информација" во ОК на БРП(к) за Бла-

До крајот на јули 1948 г. темата за насилството е поврзана, имено, со дејноста на учителите и со јазикот, а не со оспорување на резултатите од пописот во 1946 г., што јасно се гледа во директивите на БРП(к) во однос на македонското прашање од 15 јуни 1948 г., во бугарскиот реферат изнесен пред Информбирото, во решенијата на Шеснаесеттиот пленум на ЦК на БРП(к) и во нивното изјаснување пред активот на комунистите во Пиринска Македонија извршено на 24 јули 1948 г. во Горна Џумаја од самиот Владимир Поптомов.[30]

Тоа е јасно одразено и во користената терминологија: новиот термин „принудна македонизација" не доаѓа да го замени дотогашниот „подигање на македонската свест на населението", напротив – вториот продолжува да се користи и да доминира. Двата термина се однесуваат на различни работи: едниот на засилувањето на македонската свест кај мнозинство во Пиринска Македонија, а другиот на обидите да се направат Македонци и припадниците на бугарското малцинство.

Новата линија и новиот поим се одговор на БРП(к) на позицијата на КПМ прифатена и од многу комунисти во Пиринска Македонија[31] за тоа дека во Македонија, генерално, луѓето што се самоопределуваат како Бугари се, всушност, Македонци асимилирани од бугарската пропаганда (со исклучок на оние што дошле од Бугарија). Наспроти тоа, БРП(к) ја промовира тезата за тоа дека врз база на правото на самоопределување, тие треба да бидат признаени и оформени во бугарско малцинство, кое во идната обединета Македонија требало да има целосна културна автономија. Судирот со Југославија претставувал одлична можност за тоа да се наметне новата линија – македонските учители во Пиринска Македонија, како основни експоненти на Југославија во Бугарија (со време ќе се наметне етикетата „југословенски емисари" за нив), ќе бидат логична цел и жртва и затоа сите поплаки ќе бидат концентрирани на задолжителното изучување на македонскиот јазик (во што, објективно гледано, немало ништо неприродно штом округот се подготвувал за присоединување кон НР Македонија). Правото на самоопределување, во тој контекст, е разбрано како право на луѓето со бугарска свест во Македонија да не го изучуваат македонскиот јазик, а со цел да се гарантира постоењето на бугарско малцинство во обединета НР Македонија.[32]

---

гоевград: „ Се констатира и дека при одредувањето на националната припадност специјално на пописот многу наши другари просто ги терале луѓето да се пишат Македонци без да се обидуваат да ги убедат и по неколку дена истите (...) се пишуваат Бугари" (*МВ*, 301). Понатаму, оваа теза ја наоѓаме во инструктивниот реферат на Поптомов изнесен пред активистите на ОФ и на БРП(к) во Пиринска Македонија на 25 април, во кој се зборува за „грешки и увлеченија" во време на пописот, кој „се изврши од страна на нашите отечественофронтовски дејци преку еден притисок од горе, кој немаше апсолутно никаква смисла и кој остави лош впечаток кај народот" (*МВ*, 318).

[30] Во овој период темата за слободно самоопределување подразбира, пред сѐ, слободно изјаснување на учениците и доброволно изучување на јазикот (види ја одлуката на Обласниот училиштен инспекторат од 17 април 1947 г., во која се вели „слободно да ја посочуваат својата народност", *МВ*, 337.

[31] Спореди ги позициите на Мадолев и на Хаџииванов во мај и во јули 1948 г. (*МВ*, 321, 392).

[32] Јасно кажано во говорот на Трајчо Костов пред Информбирото: „Редно ли е да се задолжува населението во пиринскиот крај да се откаже од својот роден бугарски јазик и тој да биде заменет

Постепено, со засилувањето на конфликтот меѓу СССР и Југославија, ќе пораснат апетитите и Бугарија ќе се обиде да наметне редефинирање на самата македонска нација преку барање за промена на македонскиот литературен јазик како „неправилен“ и „неразбирлив“ за населението. Во кампањата за отфрлање на македонскиот литературен јазик многу ќе се внимава на тоа да не се засегне прашањето за мнозинскиот македонски карактер на населението во Пиринска Македонија или за неговото право на обединување. Постепено се истакнува дека мајчин јазик за населението во Пиринска Македонија е бугарскиот, што, пак, не било пречка за кај него да се развива македонска самосвест и тоа да се присоедини кон НР Македонија.[33] Новото решение се гледало во една обединета Македонија во рамките на јужнословенската федерација без граници со Бугарија, со македонска нација со нов литературен јазик и ново писмо многу поблиски до бугарските, со национален мит кој би подразбирал потекло од бугарскиот народ, со издвојување на оној дел од луѓето во НР Македонија и во Пиринска Македонија што имаат бугарска самосвест и нивно институционализирање како бугарско национално малцинство со комплетна културна автономија, гарантирајќи истовремено политика на отворени врати за слободно ширење на бугарското културно влијание во Македонија.

Во одредена смисла, целата оваа програма претставува обид за редефинирање на идна обединета Македонија за да може таа да се стави во поблиска и поголема зависност од Софија отколку од Белград. Идејата за „насилството“ над бугарското малцинство во Пиринска Македонија сега се развива паралелно со сличните претензии за „насилство“ над бугарското малцинство во НР Македонија.[34] Гледаме дека двете компоненти на митот за насилна македонизација имаат иста мотивација и паралелна, поврзана генеза. Тврдењата дека македонските учители се обидуваат да развијат македонска свест во Пиринска Македонија во конфронтација со бугарската се во директна паралела со истите тврдења за начинот на кој се изградува македонската нација во НР Македонија афирмирани, исто така, по април 1948 г.

---

со официјалниот литературен македонски јазик. Ние мислиме дека можеш да зборуваш на бугарски јазик и пак да се чувствуваш Македонец (...) ние сме убедени дека македонската национална свест не може да се насадува со сила, со принуда и дека нема да биде ниту престап, ниту некаква особена несреќа ако (...) еден дел од населението, не само во пиринскиот крај туку и во Вардарска Македонија, продолжи да има бугарско национално сознание и да зборува на бугарски јазик“ (*МВ*, 348).

33 Види во указанијата на ЦК на БРП(к) од 15 јуни 1948 г. до околиските комитети во Пиринска Македонија (*МВ*, 336): „Македонското население од пиринскиот крај во своето огромно мнозинство зборува од своето раѓање на чисто бугарски јазик (...). Но, овој факт не претставува никаква ненадминлива пречка за развивањето македонско сознание кај него и уште помалку за неговото идно присоединување кон македонската народна република“. Слично нешто има и во говорот на Трајчо Костов одржан пред Информбирото (*МВ*, 347, 348).

34 Во рефератот на БРП(к) прочитан од Трајчо Костов пред Информбирото се оди дотаму што се тврди дека бугарската самосвест во НР Македонија властите „ја сметаат за престап и казнуваат со стрелање за какво било пројавување на бугарско сознание кај дел од словенското население (...)“ (*МВ*, 349). Понатаму тоа ќе се претвори во една од идеолошките „опорни точки“ на режимот.

Овој момент е важен зашто покажува дека не станува збор за некаква реакција предизвикана од сигнали од теренот во Пиринска Македонија, туку за обид за целосно редефинирање на бугарската позиција и на формулата за решавање на македонското национално прашање генерално. Идеите се раѓаат и се дефинираат „горе“ и во голем степен не се јавуваат како одраз на некакви процеси на теренот. Подоцна, во времето на Тодор Живков, оваа идеологема ќе влезе во основата на митот за насилното создавање на македонската нација на антибугарска основа. Двете идеи имаат паралелен живот до денес.

На Шеснаесеттиот пленум на ЦК БРП(к), одржан на 13 јули 1948 г., ќе се зборува само за прекинување на „практиката на принудно изучување на официјалниот македонски јазик од чиновниците, принудното абонирање на населението за македонски весници и сл. во пиринскиот крај“ и за тоа „да се остави на населението од пиринскиот крај самото слободно да ја одреди својата националност“. Македонската културна автономија е редуцирана (македонскиот јазик станува факултативен, а синтагмата „македонска историја“ е заменета со „историја на македонското ослободително движење“), а присоединувањето станува „евентуално“. Југославија е нападната за тоа дека го крши правото на самоопределување со тоа што не признава бугарско малцинство во НР Македонија. Исто така, ниту во финалниот текст ниту во подготвителните варијанти на текстот нема никаква алузија кон пописот од 1946 г.[35]

На почетокот како да не се брзало новите директиви да им бидат пренесени на активистите во Пиринска Македонија, можеби поради очекуваниот отпор кон нив. Решенијата навистина наишле на одреден отпор, кој предизвикал и спроведување на првите репресии.[36]

Новото редефинирање на поимот и на самата идеја за „насилна македонизација“ ќе се појави како реакција на Петтиот конгрес на КПЈ (21 – 28 јули), на кој Димитар Влахов ќе побара автономија на Пиринска Македонија, аргументирајќи го тоа со резултатите од пописот во 1946 г. како акт на самоопределување на пиринското население.[37]

35 *МВ*, 360–362, 365–370.

36 Види ги дебатите помеѓу членовите на раководството на македонската емиграција од 20 и од 21 јули и нивното Изложение до ЦК на БРП(к) (*МВ*, 372–386). На 29 јули двајцата главни раководители на македонската политика на теренот, а кои изразувале и одредени резерви и критики, ќе бидат санкционирани: Васил Ивановски ќе биде отстранет од агитпропот при ЦК на БРП(к) и од позицијата на раководител на македонската емиграција, а Крстју Стојчев од партиската работа во Пиринска Македонија (*МВ*, 395, 396).

37 „Населението во Пиринска Македонија се чувствува како македонско. На пописот, 75 % од целото население се декларираа како Македонци (...) нашите браќа не дочекуваа со следните зборови: ’Сакаме поскоро да се присоединиме кон ФНРЈ.‘ Тоа е нивно право и никој не може да им го оспорува тоа право. Тоа барање е во согласност и со учењето на марксизмот-ленинизмот. Би требало да ѝ се даде специјален статус на Пиринска Македонија, како што е тоа направено кај нас за Косово и Метохија и за Војводина (...). БРП(к) може да ги примени принципите на марксизмот-ленинизмот по националното прашање во Пиринска Македонија. Во Резолуцијата на БРП(к) се кажува дека народот од Пиринска Македонија треба да се самоопредели. Пописот од 1946 г. не беше ли доброволно самоопределување, слободна анкета?“ *МВ*, 386, 387.

Преку повикувањето на резултатите од пописот, топката е вратена кај бугарските раководители и сега тие се обвинети за нарушување на правото на самоопределување, т. е. за истото она за што самите тие ги обвинувале македонските и југословенските политичари. Ударот извршен „со нивни камења по нивна глава" бил особено болен за бугарските лидери – барањето за автономија на Пиринска Македонија е поставено токму во моментот кога тие ја редуцирале. Тоа ќе биде „turning point".

Резултатот се почувствувал веднаш. Додека југословенското барање не било познато, темата за пописот воопшто не била отворена во рамките на средбите организирани од БРП(к) на кои се појаснувале решенијата на Шеснаесеттиот пленум во Пиринска Македонија: така е на советувањето во Горна Џумаја (22 – 23 јули) и на конференцијата во Разлог (28 јули).[38] Сè се менува кога барањето истакнато на конгресот на КПЈ станува познато и објект на силно „виење" (според Влахов) во бугарскиот печат. Имено, сега ќе биде организирана акција која требало да покаже дека пописот и неговите резултати не преставуваат акт на слободно самоопределување. Девалвирањето на пописот и на неговите резултати станува императив – тие повеќе не можат да бидат основа за каква било политика. Имено, на тоа ќе бидат посветени серија декларации донесени во периодот помеѓу 29 јули и 8 август 1948 г. од различни структури поврзани со македонската дејност (види подолу). Овде темата за пописот не само што се појавува „од ништото", туку зазема и главно место, за потоа да биде повторно заборавена и да се вратат критиките упатени кон македонските учители и кон јазикот. Оспорувањето имало сосема јасна политичка мотивација.

Карактеристично е тоа што на темата за пописот нема да се навратат дури и по конечниот раскин по Втората резолуција против Југославија на Информбирото од 29 ноември 1949 г. Во текот на новиот бран меѓусебни критики и самокритики на комунистите во Пиринска Македонија во 1950 г., кои се јавуваат како последица од пресудата против Трајчо Костов и започнатиот нов „лов на вештерки"[39] и од теророт врз „титовистите", кога „вината" се појавува во секакви најфантастични форми, „насилството" при пописот не е искористено за да биде обвинет некој, напротив, никој

[38] На советувањето со активистите од околиските организации на БРП(к) во Пиринска Македонија од 22 и од 23 јули, како и на Околиската конференција во Разлог одржана на 28 јули (сите пред крајот на Петтиот конгрес на КПЈ), формулациите „насилна македонизација", „насилно одредување на националноста на населението" и правењето на „луѓето насила Македонци" се однесуваат не на пописот, туку на дејноста на македонските учители во пролетта 1948 г., а „македонизирање" е нарекувано третирањето на сите жители во округот како Македонци и нивното „принудување" по таа основа да го изучуваат македонскиот јазик и да примаат соодветна литература (*МВ*, 368, 369, 392, 394).

[39] Членот на ЦК на БКП Петар Дјулгеров во 1989 г. се сеќава на овој период: „Во почетокот на 50-тите години започна истрага против Окружната организација и против кадарот. Работата одеше кон прогон, и тоа масовно прогонување на кадарот, во суштина, кон уништување на окружната партиска организација. Другари, немате претстава каков ужас беше!" (За понататъшно единение на българската социалистическа нация, Заседание на Политбюро на Централния комитет на БКП, 11 април 1989 г.; Стойков, *Табу*, 476, 477).

не зборува за него. Тоа е единствената „голема грешка“ на режимот во тоа време за која никој нема да биде осуден, што покажува дека таа не била земана сериозно и од самата Комунистичка партија.

Во оваа прва фаза терминот „македонизација“ и тврдењето дека постои „насилна македонизација“ сè уште немаат за цел да го негираат постоењето на македонска нација, на македонски идентитет и јазик во Пиринска Македонија. Борбата е да се редефинира македонската нација на пробугарска основа, а не да се одрече нејзиното постоење. Надежта е да се реализира бугарското влијание во Македонија на нов начин и Пиринска Македонија да послужи како „Пиемонт“ за обединување на НР Македонија со Бугарија,[40] а за таа цел по август 1948 г. е разработена нова теза, според која македонското малцинство е малцинство и во Пиринска Македонија, каде што, според новата линија, Бугарите се јавуваат, всушност, како мнозинство.

Пописот во 1956 г. се очекувало да го потврди бугарското мнозинство во Пиринска Македонија. Комунистите паднале во класичната замка да поверуваат во сопствената пропаганда. Тие калкулирале дека со оние што се самоопределиле како Бугари во 1946 г. заедно со Помаците, кои сега ќе бидат запишани како Бугари мухамедани (и за двете групи не е предвидено право на самоопределување), како и со дел од оние што во 1946 г. се запишале како Македонци и од кои сега се очекувало да се изјаснат како Бугари (затоа и внимателно токму за нив е гарантирано правото на самоопределување),[41] неизбежно ќе се добие дека постои бугарско мнозинство и македонско малцинство. Резултатите, меѓутоа, биле спротивни и независно од протежирањето на бугарската самоопределба, Бугарите, сепак, останале малцинство, а Македонците биле мнозинство, затоа што 187 789 лица во Бугарија се запишале Македонци, од кои 178 862 биле во Пиринска Македонија, односно 63,6 % од населението.[42]

---

[40] Чавдар Маринов, *Македонското прашање од 1944 до денес, Комунизмот и национализмот на Балканот*, Скопје 2012, 51.

[41] Со Одлуката на ЦК на БКП од 4 октомври 1956 г. е решено дека оние што биле пишани како Македонци во 1946 г. сега требало да се декларираат „така како што сакаат“. Со овој попис требало на сите што „насила“ биле пишани како Македонци „да им обезбедиме целосна можност за да се исправи нанесената неправда“. Според ЦК на БКП, а спротивно на резултатите од пописот од 1946 г., во кој мнозинството од жителите во Пиринска Македонија се изјасниле како Македонци, таму доминираат Бугарите, а Македонците се јавуваат како втори: „население од различни националности: Бугари, Македонци, бугарски муслимани и Турци“. Окружниот комитет за Благоевградски округ на 3 ноември 1956 г. ги издал директивите за пописот според кои: „Секој да ја определи својата националност на слободен начин. Без никакво насилство.“ Тоа ќе биде директно внесено и во упатствата до попишувачите (Маринов, *Македонското прашање*, 59, 60, 152). Ако имало притисок на овој попис, тој бил во корист на бугарската идентификација.

[42] Красимир Кънев, „Законодателство и политика към етническите и религиозните малцинства в България“, *Общности и идентичности в България* (ред. А. Кръстева), София, Петекстон 1998, 97; *Документи за борбата на македонскиот народ за слобода и национална држава*, т. 2, Скопје 1981, 698–700; МВ, 162.

Сега повеќе не било можно да се манипулира со некаков божемен притисок – БКП сама направила сè за да биде јасно дека пописот е на база на слободно самоопределување (барем за Македонците). Југославија ја добила можноста аргументирано повторно да побара автономија за Пиринска Македонија на база на слободното самоопределување на населението изразено на пописот. Притоа, таа сега била во добри односи со СССР и опасноста за Бугарија станала сосема реална.

Откако станало јасно дека самоопределувањето не е во полза на останувањето на округот во Бугарија, Софија зазема курс да го промени тоа преку асимилација. Во прво време самоопределувањето на живите ќе биде негирано преку „самоопределувањето" на мртвите – историјата е повикана да докаже дека населението во Пиринска Македонија во последните 1 000 години се самоопределувало како бугарско.[43] Така притисната од опасноста да ја изгуби Пиринска Македонија, Бугарија ја менува политиката во 1963 г. Се преземаат мерки за новиот попис да ја покаже „правилната самоопределба", за што освен притисок и пропагандата, ќе биде користена и организирана манипулација.[44]

Оваа нова политичка и идеолошка линија дава и нова дефиниција на терминот „насилна македонизација" и таа веќе нема да се однесува на *претерувањето* и *правењето* Македонци на припадниците на бугарското малцинство во Пиринска Македонија, а ниту на *вештачкото правење* мнозинство од „македонското малцинство" таму за сметка на „бугарското мнозинство". Овој поим сега за првпат ќе се однесува и ќе го замени во терминолошкиот репертоар на режимот она што порано било именувано политика на „подигање на македонското сознание". Сега Живков, обратно, ќе зборува за „зацврстување" (утвърждаване) на бугарската свест кај истото население.[45]

Историската наука немала удел во создавањето на овој мит: сите позиции и промени во периодот 1948 – 1963 г. се иницирани, дебатирани, прифатени и наметнати од политички функционери во политички тела и сите тие имале конкретна политичка намена.[46] Меѓутоа, по 1963 г. историографијата ќе добие главна задача во неговото

[43] Искористувајќи го тоа, на својот Седми конгрес, одржан помеѓу 2 и 7 јуни 1958 г., БКП зазема позиција дека населението во Пиринска Македонија според својата историја, јазикот, битот и според културата секогаш се наоѓало во нераскинлива врска со историјата и развитокот на бугарскиот народ (Маринов, *Македонското прашање*, 57, 58).

[44] Според зборовите на самиот Тодор Живков: „След Априлския пленум чрез един маньовър, без да се усетят югославяните, за няколко дни цялото население в този край осъмна като чистокръвни българи. (...) Само четири души знаеха за маньовъра, който извършихме в Благоевградски окръг, защото иначе щеше да се издаде дружината." *ЦДА, ф. 1Б, оп. 63, а. е. 108, л. 2; 8*, цит. според Груев, Насилие, 79.

[45] *БКП, Коминтернът и македонският въпрос...*, 1288, 1292, 1293.

[46] Првата промена во историските позиции по македонското прашање е извршена помеѓу октомври 1950 и 3 јули 1951 г. во одделот Агитација и пропаганда на ЦК на БКП без учество на историчари (*МВ*, 1950 – 1967, док. № 14, 39–66). Втората промена е изработена во комунистичкиот врв во 1958 г. со многу јасен политички императив: „По никаков начин ниту збор не може да станува за одделување на пиринскиот крај од Бугарија и неговото присоединување кон Југославија", а се отфрлат и идеите за балканска или јужнословенска федерација (Решение „А" на Политбиро на ЦК на БКП

аргументирање и во неговата одбрана преку градење општ унифициран став (а во тој контекст, таа го добила и митот за „насилната македонизација“ како императив), преку прочистување на редовите на научниците и преку нејзиното користење како оружје во деceниската војна со македонската историографија, во која таа била прво слугинка на партијата, а потоа и на нацијата.[47] Нејзината улога ќе биде заштита на националната митологија, но и на политиките на заштита на територијалната целовитост и на хомогенизација на нацијата со безусловно помагање на асимилацијата.

По 1990 г. позициите спрема македонската нација и македонското малцинство во Софија остануваат, во принцип, исти, само се засилуваат како последица од порастот на национализмот. Неможноста да се користат сите форми на репресии како порано ќе биде компензирана со драстично засилување на пропагандата. Излегувањето од илегала на македонското малцинско движење во Бугарија во текот на 1990 г. се претвора во сериозен предизвик за тезата дека во Бугарија нема македонско малцинство. Осамостојувањето на Македонија и јазичниот спор со неа (особено во времето пред и по потпишувањето на Договорот за добрососедство во февруари 1998 г.) се јавуваат како дополнителни поттици.

Тоа ќе го актуелизира митот за „насилната македонизација“. Разликата е што сега тој ја напушта зоната на партиските декларации и навлегува во масовната култура преку широко популаризирани филмови, книги и статии и политички ставови.[48]

---

од 1958, *МВ*, 1952 – 1967, 194). Потоа, за да биде истата теза аргументирана научно, на 16 ноември 1959 г. во Институтот за историја на БКП е создадена група која ќе се занимава со македонското прашање составена од петмина политичари и четворица научници (!). Сите текстови подготвени од групата можеле да се печатат „само со дозвола на Секретаријатот на ЦК“ на БКП. (*МВ*, 1952 – 1967, 231–234; Стојко Стојков, „Планирање на минатото – сонување на иднината“, *70 години Институт за историја – 70 години македонска историографија*, УКИМ/ФзФ, Скопје, 2017, 188–190.)

[47] За да има таквата пропаганда поголем ефект, биле преземени мерки за градење на единствена позиција на сите бугарски научници по македонското прашање (Протокол “А” № 128 од седница на ПБ на ЦК на БКП “относно планирани мероприятия по македонския въпрос“, од 26 март 1968 г, т. 3 а. ЦДА, ф. 1Б, оп. 35, а. е. 127 , л. 4–5, 16–23; МВ, 1952 – 1967, 387). Научниците што не се потчиниле на новата „научна вистина“ (како Дина Станишева) биле казнети и отстранети. Во пропагандната војна активно се вмешало и бугарското разузнавање, особено по формирањето на Културно-историското разузнавање во 1973 г. (За неговата дејност види: *Държавна сигурност и културно-историческото разузнаване (1970-1989)*, http://comdos.bg/%D0%9D%D0%B0%D1%88%D0%B8%D1%82%D0%B5%20%D0%B8%D0%B7%D0%B4%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D1%8F/ds-i-kir, проверено на: 18.1.2019). Објект на прочистување станале и сите учебници во бугарското образование. Историската документација во архивите, музеите и во библиотеките била прегледана и „незгодните“ документи биле отстранети (Маринов, *Македонското прашање*, 126, 134, 135, Одлука на ПБ на ЦК на БКП од 26 март 1968 г., т. 3 д.; *МВ, 1952 – 1967*, 387).

[48] Во годината по појавата на ОМО „Илинден“ (1990) излегува споменатата книга на Панајотов, Палешутски и Мичев, *Македонският въпрос*. Истата година во која македонското движење во Бугарија се обединува и решава да стане партија (1998) се појавува филмот на Милена Милутинова *Хроника на едно национално предателство*, посветен на културната автономија, но и насочен директно против ОМО „Илинден“. Истата авторка во 1999 г. го прави и документарниот филм *Само защото бяха българи*, кој го промовира другиот аспект на митот – за тоа дека преку насилство над

Долгата пропаганда на комунистичкиот режим и претворањето на митот во популарна филмска легенда успеваат да го направат фолклор и пост фактум да го внесат и во спомените на некои луѓе, макар и како апстракција или преку погрешно поврзување со реални комунистички насилства вршени поради други причини (види подолу).

### Аргументирање на митот за „насилството“

Основниот фокус на митот за „насилната македонизација“ од времето на Живков до денес е резултатот од пописот во 1946 г., кога, наводно, населението насилно било запишано македонско.[49] Единствената причина за воопшто да се зборува за насилство на овој попис е идеолошката неприфатливост на резултатите: запишаните 169 544 Македонци. Наспроти тоа, пописот во 1965 г., кој е извршен со докажано насилство над луѓето со македонска самосвест и со признаена манипулација од страна на Тодор Живков, се третира како „исправување на историската неправда“, како коректен и доброволен токму поради тоа што прикажува дека има 99,6 % Бугари во Пиринска Македонија.

Тоа е идеолошката заднина. Но, каква е фактичката? Документацијата од времето на пописот што е објавена и цитирана досега не зборува за насилство. Иако темата, поради национално-политички причини, е повеќепати експлоатирана во Бугарија,[50] досега не е документиран ниту еден случај на човек врз кој е извршено насилство, ниту се познати случаи на репресии за време на пописот, ниту казнувања како последица на неприфаќањето на македонската самоопределба. А тоа е значајно кога се има предвид за какво насилно време зборуваме и кога 54 425 луѓе (21,5 %) се самоопределиле како Бугари, од кои никој, колку што е познато, не бил репресиран.[51]

---

Бугарите е креирана македонската нација во Вардарска Македонија. Овие филмови се придружени со различни трудови како цитираниот труд на Ангелов, *Хроника на едно национално предателство* (прво издание во 1999, а до 2004 г. доживува три изданија). Види ја и декларацијата на Општински совет на БСП од 1997 г. по тоа прашање, вклучена во зборникот на документи издаден во 2004 г. кој го опфаќа периодот до 1952 г. (*МВ*, 558), што јасно покажува дека и документите објавени во тој зборник имаат своја цел: да го аргументираат постоењето на „насилната македонизација“, што доведува до заклучокот дека со нив се исцрпени сите документи што би можеле да се искористат во прилог на оваа теза, иако тие воопшто не се доволни за да се направи тоа.

49 Пописот бил извршен „по крајно недемократски, административно-команден и насилен пат“. Ангелов, *Хроника*, 193.

50 Панайотов, Палешутски, Мичев, *Македонският въпрос*, 109; Ангелов, Хроника, 191–218, 271–350; Стоян Герасимов, *Македонският въпрос 1944 – 1989*, МНИ, София 2012; 67–72; Маринов, *Македонското прашање*, 40–42; Димитър Тюлеков, *Политическият мит за „македонското малцинство“ в България*, Благоевград 2007, 46–49 и др.

51 Добар пример за тоа дека никој не бил репресиран поради самоопределувањето како Бугарин е оној со Ичко Бојчев, кој, иронично, е речиси единствениот конкретен пример на репресија што се наведува. Во согласност со она што го напишал неговиот внук, единствениот притисок за време на пописот бил тој што попишувачите реагирале на Ичковото декларирање како Бугарин во смисла дека тоа „не било унисоно со директивата на Партијата“, на што тој остро одговорил и ја критикувал Партијата. Тоа немало никакви последици за него. Внукот неуспешно претендира да покаже дека

Запишувањето како Македонец не било задолжително, а запишувањето како Бугарин не било казнувано. Тоа што се претставува како „насилство“, всушност, се однесува на исполитизираноста на пописот,[52] на кој имало агитација „за“ и „против“, намери и обиди за административно запишување.[53] Тоа што се испушта од вид е дека исполитизираноста е започната не од комунистите, туку од нивните противници, а агитацијата се вршела и од двете страни (но доминантно – од противниците на македонското самоопределување),[54] а намерите за административно запишување на населението според резултатите не биле реализирани.[55] Се преувеличува и силата на Комунистичката партија во тој момент и се заборава дека кај интелигенцијата од која биле регрутирани попишувачите доминирале бугарските национални идеи, поради што некои од нив, излегувајќи надвор од своите овластувања, агитирале кај населението да се запише како бугарско или одбивале да го запишуваат како македонско.[56] Се занемарува фактот дека комунистите до последниот момент немале никакви директиви и дека на пописот дури немало графа „Македонец“.[57]

---

Ичко бил казнет за тоа, имено дека на 1 август 1950 г. бил иселен од округот сѐ до 1954 г. Христо Григоров, *Ичко Бойчев – горноджумайският войвода. Живот и революционно дело (1882 – 1960)*, Библиотека „Македония“, София 1999, 2, 38, 39. Меѓутоа, времето во кое се случило тоа ја побива неговата теза – пописот е на крајот од 1946 г., а во 1948 г. партијата го има прифатено како грешка и води сосема нова политика. Фактот што е иселен во 1950 г. зборува за тоа дека бил осомничен за симпатии кон Тито и Југославија. Времето во кое е вратен – по падот на Сталин и на Берија, уште еднаш го потврдува тоа.

52 Тој бил сфатен, од една страна, како плебисцит *за* и *против* присоединувањето кон НР Македонија, а од друга, и како спротивставување или поддршка на Комунистичката партија (*МВ*, 145, 146, 150).

53 Маринов, *Македонското прашање*, 40–42.

54 Во периодот 19 ноември – 29 декември 1946 г. излегуваат најмалку 10 статии во опозицискиот печат (*Слободен народ, Народно земјоделско знаме, Знаме*), а со свои позиции против македонската самоопределба излегуваат бугарските социјалдемократи, земјоделците, Демократската партија, Федерацијата на анархистите, а и дел од михајловистите активно агитирале против македонската нација. Комунистите во Пиринска Македонија биле оставени без официјална поддршка – одлуките од Десеттиот пленум остануваат тајна ширена само во рамките на Партијата, а уште полошо било во ОФ, кој нема да заземе став по македонското прашање до 16 април 1948 г., а и тогаш тој ќе биде во правец на постепено ликвидирање на културната автономија (види: *МВ* 293, 294; Ангелов, Хроника, 208, 209).

55 Како главни аргументи за последното се јавуваат две наредби на разлошкиот и на неврокопскиот околиски началник од 27 декември 1946 г. (третиот ден на пописот, кој траел една недела [!]) за административно запишување на луѓето во соодветните околии како Македонци. Меѓутоа, резултатите јасно покажуваат дека тие не биле реализирани – во овие две околии, запишаните Македонци се јавуваат како малцинство. Освен тоа, овие заповеди противречат со заповедта издадена на 24 декември од Обласното статистичко биро. Слични наредби за другите околии не се најдени. Појавата на овие две наредби веројатно може да се поврзе со ситуацијата карактеристична токму за споменатите две околии – присуството на висок процент на муслиманско помачко население со неразвиена национална свест, во однос на кое немало став што да се прави.

56 Такви случаи се забележани во Јакоруда, Бабјак, Банско (Ангелов, *Хроника*, 206, 207).

57 Види: жалењето искажано од Хаџи Иванов на седницата од 6 јануари 1947 г. (Катарџиев, *Македонската емиграција*, 167), коментарот за пописот на Мадолев од почетокот на мај 1948 г. до

Како клучен факт се јавува тоа што никој за време и по пописот до април 1948 г. не зборува за насилство. Дури и опозицијата, која отфрла постоење на македонска нација воопшто, а на самоопределбата Македонец гледа како на предавство, по пописот нема да зборува за насилство – единствената реакција ќе биде во врска со упатството за административно запишување на населението од неврокопскиот околиски началник.[58] Исто и комунистите, и тоа дури и оние што биле внатрешна опозиција, за време и по пописот не зборуваат за насилство.[59] За да се роди идејата дека имало некаква принуда, ќе треба да се причека да се смени политиката и резултатите да станат неприфатливи.

Како што веќе видовме, прв и единствен што ќе зборува за притисок извршен одгоре е Поптомов кон крајот на април 1948 г. За да се приклучат и други кон тоа тврдење, ќе треба да поминат уште неколку месеци, до крајот на јули 1948 г., кога КПЈ ќе се повика на резултатите од пописот како на акт на самоопределување за да побара

---

ЦК на БРП(к) („По прашањето ЦК не кажа ништо претходно, само на крајот дојде др. Југов, со кого разговаравме за тактички прашања." *МВ*, 320), како и повеќе констатации во други документи и отчети (*МВ*, 244). ОбК во Горна Џумаја е известен 3 дена пред почетокот на пописот, а луѓето биле информирани дека за првпат можат да се пишат како Македонци на бугарски попис дури со бројот на *Пиринско дело* од 30 декември – пред самиот крај на пописот. Тоа ја објаснува потребата да се изврши „изјаснување" преку партиските канали и преку попишувачите, инаку пописот би завршил со традиционалното административно попишување на сите како „Бугари".

58 *МВ*, 151, 152.

59 Поптомов, кој пред пописот, на 8 декември 1946 г. одржал предавање во Софија, на кое изјавува дека „населението во пиринскиот крај се чувствува како бугарско" и има бугарска историја, а веднаш по пописот, на седницата на ЦК на БРП(к) од 6 јануари 1947 г., како неспорен факт го поддржува тоа дека ова население „има претежно бугарска свест" (*МВ*, 124, 125, 150), на истата седница нема да зборува за некакво насилство, а и никој друг не го кажува тоа, макар што некои, како Червенков, не биле задоволни од големиот процент Македонци што се добил на пописот (*МВ*, 145, 146). Она што го споменува Поптомов, според официјалниот протокол, е дека слично „увлечение" (како поставувањето на прашањето за обединување на Македонија без да се зборува за јужнословенска федерација) „наверно се доби и при пописот. На пример, во разлошкиот крај и во други места се оцртува дека комунистите се Македонци, а немакедонците не се комунисти " (*МВ*, 150), а според друга верзија, она што го рекол е: „Ете и со пописот, веднаш се затрчавме да ги правиме Македонци! Се стигна до таму да се говори од населението дека тие кои се за присоединувањето се Македонци, а другите се Бугари: се подели населението на комунисти и некомунисти" (Катарџиев, *Македонската емиграција*, 173). Она на што реагирал е изместувањето на прашањето од народносната самоидентификација кон прашањето за обединување на Македонија, со што, по сè изгледа, си ги објаснувал резултатите, а не со применето насилство. Поптомов на 16 јануари 1947 г., во својот предлог до ЦК да се исклучи долината на Места од културната автономија, за што ги наведува сите можни аргументи, вклучително и тоа дека населението таму е исцело бугарско, повторно не споменува ништо за некакво насилство за време на пописот (*МВ*, 155, 156). Малку подоцна, на 27 јануари 1948 г. еден доследен противник на идејата дека има македонска нација каков што бил Ангел Томов пишува до ЦК на БРП (к) упатувајќи критика кон партиската политика и барање да се започне контраофанзива против македонската национална линија, но притоа меѓу грешките и пропустите на Партијата и успесите на непријателите воопшто не го споменува пописот независно што неговите резултати веќе биле познати (*МВ*, 154, 155, 156–158; *Документи за борбата*, 682).

автономија за Пиринска Македонија. БРП(к) ќе одговори со кампања која треба да го девалвира пописот од аспект на неговата „слободност“ и „самоопределба“.

Првата реакција е веднаш по завршувањето на Петтиот конгрес на КПЈ, на 29 јули 1948 г., во декларацијата на прочистениот состав на раководството на македонската емиграција во која на последно место меѓу „насилните акции“ спроведени по македонска линија се посочува: „За време на пописот беше извршен, исто така, притисок за запишување на македонската националност.“[60] Поважно било тоа да се потврди на теренот во Пиринска Македонија, особено во Петричката и во Светиврачката Околија, зашто, имено, на високиот процент Македонци во нив се должело мнозинството на Македонците во Пиринска Македонија. Меѓутоа, тоа се покажало како не толку лесна задача, зашто се наишло на отпор.

Околискиот комитет во Петрич настапил со реферат пред околискиот пленум одржан на 2 август, во кој основна тема била „недоброволноста“ на пописот. Во него, како прва нивна грешка се истакнува тоа што овозможиле „систематска објаснувачка работа“ за време на пописот, преку која „успеавме да убедиме голем дел од партиската маса во правилноста на декларацијата на Десеттиот пленум. (...) На барање (*давление*) на ОбК [Обласниот комитет – С. С.], ние извршивме *административен притисок врз попишувачите* и користејќи го географскиот принцип при изјаснувањето, запишавме 98 % од населението како Македонци“[61] [курзив – С. С.]. Тоа значи дека имало *агитација*, која била *успешна*, и административен *притисок врз попишувачите* (не врз населението). Вината внимателно се отстранува од ЦК и се фрла врз ОбК, што во тој момент е масовна практика и затоа треба да се прифати со голема резерва. Очигледно, рефератот не успеал да добие доволна поддршка од делегатите и за да се надмине тоа, на 5 август е одржан проширен пленум со присуство на Поптомов. Во дискусиите на Првиот и на Вториот пленум се констатира дека имало исполитизираност и агитација на пописот[62] но не и дека имало насилство врз населението. Дискусиите даваат неколку примери на луѓе кои прифатиле, поради партиска дисциплина, да се пишат како Македонци, а од нив барем еден (Љубомир Липошилев) го направил тоа со ентузијазам. Меѓутоа, има и луѓе кои биле и остануваат Македонци и(ли) изразуваат несогласување.[63]

---

[60] *МВ*, 400, 401.

[61] *Истото*, 408.

[62] Христо Паскалев: „Порано ние ги натеравме [заставивме] партијците да се пишат Македонци и само непријателите се пишаа Бугари. Сега ние почнуваме да се пишуваме Бугари, а опозицијата – Македонци. Ако тука нема Македонци, каде ќе ги бараме?“ (*МВ*, 406).

[63] Борис Панчев: „Сите членови на бирото се согласни дека тука населението е бугаризирано. Јас не сум согласен.“ (*МВ*, 407); Атанас Трајанов: „Ние се чувствуваме Македонци (...). Ако им кажеме на луѓето дека сме Бугари, тоа ќе се одрази лошо.“ (406); „Аспарух Николов: Ние не можеме да го обвиниме овој-оној зашто сме мали луѓе. Вината паѓа целосно на ЦК, кој е виновен за создадената положба.“ (410); Асен Наумов: „Мене ми остави впечаток искажувањето на др. Георги Стоев дека сме биле Бугари. Тоа не е верно, зашто ако тој се чувствува како Бугарин, јас се чувствувам како Македонец.“ (411).

Така, и присуството на Поптомов не помогнало за целосно да се скрши отпорот, па Резолуцијата е примена не едногласно, како што било традиција, туку со „апсолутно мнозинство“.[64]

Поучена од лошото искуство во Петрич, Комунистичката партија се откажала од тоа да прави слични обиди во Свети Врач и наместо тоа се задоволила со „оцена на положбата“ напишана на 7 август од Околискиот комитет. Карактеристично е тоа што и двата околиски комитета наведуваат едно исто објаснување, кое, изгледа, им било дадено од централата, имено, дека пописот е извршен неправилно и по „административен пат“. Во Свети Врач се многуповоздржани, и покрај тоа што признаваат различни грешки, но не признаваат притисок, а ниту некакво друго насилство. Во врска со пописот, овде се истакнува само следново: „Исто така, неправилно, по административен пат се изврши определувањето на националноста на населението во околијата при пописот во 1946 г.“[65] Напротив, јасно се гледа дека, всушност, ОК е силно приврзан кон дотогашната линија и само формално ги прима насоките дадени од горе. Слично се случува и на пленумот во Горна Џумаја одржан на 5 август, на кој, по сè изгледа, исто така не се прифаќа како факт дека имало насилство.: „При попишувањето на населението се доби инструкција од ОбК да ги запишеме кој како што сака, а потоа – само Македонци.“[66] Сосема формална и неодредена е и констатацијата изнесена во Резолуцијата од пленумот во Неврокоп од 8 август: „Се исиливме при пописот, македонскиот јазик, абонацијата за в. ’Нова Македонија‘ и др.“[67]

Самокритиките во Пиринска Македонија и не содржат тврдења за насилство или за притисок врз *населението*. Единствениот случај воопшто кога ќе се појави тврдење дека имало „насилство над населението“ (при што пописот е ставен во пакет со изучувањето на јазикот) ќе биде повторно од истото околиско биро во Петрич, кое од некоја причина нашло за неопходно во годишниот извештај за 1948 г. да го вклучи и пописот од 1946 г.[68]

Имено, овие неколку нарачани документи и изнудени самокритики, со кои требало да ѝ се одговори на КПЈ дека пописот не бил „акт на самоопределување“, ги даваат речиси сите документарни „докази“ за „насилството“ што се цитираат во историографијата. Во нив, меѓутоа, нема ништо документарно – тие претставуваат нарачана комунистичка самокритика, изјави наметнати од горе, кои ја одразуваат новата официјална линија

[64] *МВ*, 404–411.
[65] *Исто*, 412, 413.
[66] Ангелов, *Хроника*, 196. За жал, записникот не е објавен.
[67] *МВ*, 414.
[68] *Истото*, 481. „(...) грешките што ги допуштивме со извршувањето насилство над населението при пописот и околу изучувањето на македонскиот јазик“. Документот е од февруари 1949 г., кога Петричката Околија била под огромен притисок поради постоењето на силно развиена структура од приврзаници на Југославија на нејзина територија, кои во есента 1948 г. ќе бидат разбиени како Титова агентура на УДБА, нешто за што ОК повторно се самокритикува (*МВ*, 482).

на Партијата, имаат политичка мотивација и цел. Самокритиката е правена во напната и опасна атмосфера на лов на вештерки.[69] Не е чудно тоа што имало „признанија", туку што имало спротивставување. Но, иако од партиските активисти било побарано декларативно да признаат насилство при пописот, тие не можеле ниту тогаш, а ниту подоцна да посочат реално такво нешто – тоа е видливо и во нивните спомени.[70] Затоа таквите општи изјави не можат да служат како докази за некакво реално насилство.

За постоењето или непостоењето на притисок може да се суди и од резултатите од пописот во 1956 г. извршен во услови кога се добиени категорични наредби за слободно самоопределување на Македонците и при политика која го фаворизира самоопределувањето како Бугарин.[71] На него се добиваат во голем степен слични, иако не и идентични резултати, што укажува на тоа дека и пописот од 1946 г. имал некоја реална и објективна основа зад себе, која заслужува објективно истражување, а не едноставно негирање или апологство.

Отсуството на реални примери на насилство во време на „насилната македонизација" јасно се демонстрира и во обидите за такво нешто да се претстават други видови репресии: против различни групи кои биле непријатели на режимот, а кои се случиле пред или по „македонизацијата".[72]

---

69 Васил Јотевски, *Македонците во пиринскиот дел на Македонија 1949 - 1989*, Скопје, 2004, 22, 23, 25, 29–38, 52–55, 57–63, 71–75, 77; Стойков, Табу, 16, 17, 476, 477; Маринов, *Македонското прашање*, 157, 158; Иван Катарџиев, Васил Ивановски во македонското националноослободително движење во XX в., во *Васил Ивановски, борец за идеалот за слободна и обединета Македонија на Балканот*, кн. 1, Скопје, МАНУ 2014, 25.

70 Добра илустрација е најстариот објавен спомен за тоа, оној на Георги Мадолев од 1979 г.: „Во што се изрази насилството при регистрирањето на населението во 1946 г.? Допуштени беа *некои груби административни мерки*, пројавени од партиски и од државни организации. Тоа, меѓутоа, не беше главното и основното. *Главното и основното произлегуваше од погрешното поставување на прашањето за националната припадност* (...) ако си чесен и прогресивен човек, ако си со ОФ и против реакционерните фашистички елементи, тогаш треба да се регистрираш како 'Македонец' и спротивно, ако се регистрираш како Бугарин, тогаш ти си против партиската и отечественофронтовска политика (...) ти пречиш да се разреши македонското прашање (...). Таквото поставување на прашањето беше задолжително за партиските организации и тоа го предодреди резултатот од попишувањето. *Верувајќи ѝ длабоко на Партијата*, населението во пиринскиот крај во огромно мнозинство се *запиша* како 'Македонци'" (*МВ*, 556–557, мислење за објавување на спомените на Цола Драгојчева), [курзивот е мој – С. С.]. Или кажано поинаку – основното била агитацијата, која била прифатена од огромното мнозинство на населението. Насилството се состоело во непостоење на насилство.

71 Стојко Стојков, „Македонското малцинство во Бугарија од признавање кон негирање 1948 – 1989", *Годишен зборник на ФОН*, т. 6, г. 2015/2016, Штип 2016, 73, 74.

72 На пример, во бугарската верзија на *Википедија*, под насловот „Македонизация во Пиринска Македония" и поднасловот „Отпор против насилната македонизација" наоѓаме тврдења дека 40 000 лица биле интернирани во внатрешноста на Бугарија зашто одбиле да се пишат како Македонци (https://bg.wikipedia.org/wiki/Македонизация_в_Пиринска_Македония#Съпротива_срещу_насилствената_македонизация (проверено на: 17.1.2019). Единствениот конкретен пример што се дава е оној со војводата Ичко Бојчев, кој, меѓутоа, е интерниран дури на 1 август 1950 г. (Григоров, Ичко

Тезата за „насилната македонизација“ не може да се одржи ако не покаже постоење на некаква форма на отпор на населението против претпоставеното „насилство“. Меѓутоа, досега не можевме да најдеме тајни кружоци на луѓе кои се залагаат за тоа да си останат Бугари, организации кои работат против „македонизацијата“, обиди за организирање некаков вид спротивставување на акциите на власта и сл. какви што имаме подоцна при „бугаризацијата“. Наместо тоа, како „отпор против македонизацијата“ се претставуваат други работи – отпор по друга основа, секој можен неуспех на режимот (како наводен резултат на тивок отпор), одредена тешкотија при спроведувањето на некоја политика или пак различни видови несогласување на делови од населението со режимот по различни основи.[73]

Таков е случајот со несогласувањето на дел од населението со присоединувањето кон НР Македонија. Меѓутоа, постои фундаментална разлика меѓу „несогласување“ и отпор. Разбирливо е дека не сите биле согласни: присоединувањето било против интересите на луѓето со бугарска самосвест и на мнозинството од интелигенцијата и на бирократијата. Против граница која би ги одделила од нивните сонародници, природно, биле и Помаците. Во 1946 г. против присоединувањето биле и сопствениците од средната и од повисоката класа зашто се плашеле дека имотите во Југославија ќе им бидат национализирани.[74] Така, присоединувањето имало свои помалку или

---

Бойчев, 39). Истата невистина може да се најде на голем број други сајтови на интернет. Единствен извор за бројката од 40 000 е интервјуто со синот на некогашниот министер за внатрешни работи по 1944 г., Руси Христозов дадено за „Дарик радио“ (https://dariknews.bg/novini/afera/nasilstvenata-makedonizaciq-na-bylgariq-1946-48-g-147280, проверено на: 17.1.2019). Тоа е полно со непотврдени, дури и фантастични тврдења дека се убиени 20 000 бугарски разузнавачи во НР Македонија во 1944 г., додека други 40 000 потоа биле испратени на Голи Оток (всушност, таму од цела Југославија биле затворени вкупно 16 101 лице, и тоа сталинисти), дека, божем, до 1971 г., наместо до 1965 г., на луѓето во пасошите им пишувало „Македонци“, а сите цитирани бројки се сериозно погрешни (се споменуваат 310 000 жители на Пиринска Македонија наместо 252 575 и 270 000 лица запишани како Македонци наместо 169 000). Единственото сеќавање во кое се посочуваат конкретни имиња на лица што пострадале при „македонизацијата“ кај Груев е она на анонимниот ПК (Груев, *Насилие,* 202–205) – но и тие примери се несоодветни: „Имало, меѓутоа, и такви кои дале отпор. Ним им ставија етикета 'Никола Петковисти' и ги испратија по затворите. Јас знам двајца – едниот беше Димо, (...) а другиот беше Никола. Тие одбиле и рекле дека никогаш нема да се пишат како Македонци. Тие беа од ВМРО (...). Димо лежеше во софискиот затвор 3 години. Кога се скараа Тито и Сталин (...), тогаш го пуштиле“ (Груев, *Насилие*, 204–205) – т. е. бил затворен во 1945 г., многу пред „македонизацијата“, токму во времето кога михајловистите биле навистина затворани, но не затоа што се декларирале како Бугари. Последното е видливо во спомените на михајловистот Шуплинков, кој независно од тоа што отворено изјавил пред милицијата дека Македонците се Бугари, не бил малтретиран, туку бил ослободен само со изјава дека се откажува од ВМРО без никој да го тера да се запише како Македонец (Стоил Шуплинков, *Моите спомени*, Сандански 2012, 38, 39). Единственото име на настрадан „борец против македонизмот“ што го посочува Шуплинков е Ѓорѓи Сучев, кој, всушност, бил македонски националист (Шуплинков, *Моите спомени*, 71, 72; спореди: Крум Монев, *Македония моята опора*, т. 1, бми, 1993, 80, 81, 96–99).

73 Добар пример за таква практика на подметнување има кај Ангелов, *Хроника*, 204, 209, 211, 312–327.

74 Никола Цибрилов, 6 јануари 1947 г.: „Се шири заблудата дека при обединувањето со НР Македонија ќе се одземе приватната сопственост. Чорбаџиите се плашат од Тито и од неговата национализација во

повеќе отворени опоненти и внатре во Комунистичката партија и во државниот апарат. Но, тоа имало и свои силни привrзаници не само меѓу Македонците туку и кај дел од оние што се декларирале како Бугари. Бидејќи пописот од 1946 г. бил сфатен, генерално, како плебисцит „за" и „против" присоединувањето, тоа често го детерминира и изјаснувањето на луѓето.[75] Меѓутоа оние што не се согласувале не биле казнувани,[76] а власта постојано се стремела да им угоди на таквите луѓе, ветувајќи им дека нема да има граница со Бугарија.

Несогласување постоело кај дел од населението и по прашањето за изучување на македонскиот јазик – единствената мерка во „македонизацијата" која имала задолжителен карактер за интелигенцијата и за чиновниците. Но, таков „отпор" постоел, генерално, против сите обиди за описменување на населението во Пиринска Македонија. Професионалната загрозеност на учителството и на чиновништвото родило тивок конфликт со македонските учители и тоа е, веројатно, и единствениот вид на „отпор" за кој воопшто може да се говори.[77] Повторно, никој од оние што не се согласувале не бил казнет.

Отсуството на реален отпор против „насилната македонизација" довело до обиди за таков да се претстави антикомунистичкиот отпор во Пиринска Македонија. Отпорот кој постоел во времето на „македонизацијата", меѓутоа, немал врска со неа, а бил насочен против комунизмот и доаѓа од страна како на Македонци така и на Бугари. Од десетината вооружени групи кои се појавиле во периодот помеѓу 1944 и 1950 г. во Пиринска Македонија, половината биле муслимански, а дел не постоеле по

Југославија." (Катарџиев, *Македонската емиграција*, № 12, 170). Според со спомените на попишувачот Георги Димитров Јанев: „Другият се казваше Нашко Трончев, той не прие да бъде писан македонец, защото беше частник и имаше два камиона и един автобус и считаше, че ако се пише македонец, Йосиф Тито ще ни присъедини веднага и ще му вземе камионите" (Груев, *Насилие*, 254).

75 Така, по Информбирото, многу од сопствениците го промениле односот прифаќајќи ја македонската самоопределба (*МВ*, 371).

76 Види за обидот на Ангелов (*Хроника*, 281) да го претстави преместувањето на обласниот училиштен инспектор Димитров затоа што не ја подржувал просветната политика во однос на македонското прашање, како почеток на „една вообичаена практика (...) на отстранување на сите кои во каква било форма се спротивставуваат на културно-националната автономија". Всушност, тоа е единствениот познат случај, кој, притоа, не претставува никаков вид казна – освен што е препорачан за иста или за повисока позиција, побарано е и вработување за жена му. Обидите на ОбК на БРП(к) да смени уште двајца на ист начин завршуваат со категорично одбивање од Софија (*МВ*, № 143, 147, 222). Противниците на македонската линија во Пиринска Македонија уживаат активна и силна поддршка од Софија во текот на целиот период.

77 Груев, *Насилие*, 78, 79: „В съществуващата обемна българска литература по тази тема изключително много се акцентира върху съпротивата на местното население срещу т.нар. „македонизация". В интерес на истината, ако въобще можем да говорим за някаква форма на легален протест и пасивно изразена съпротива, това се отнася преди всичко до обучението по „македонски език и история" (...). В центъра на глухия бойкот на преподаването на македонски език е преди всичко старото българско учителство, което основателно се чувства застрашено и дискриминирано от властта."

времето на „македонизацијата“. Само кај една група е „најден“ еден пример на „отпор“ – случајот со тепањето на македонскиот учител Макревски во с. Влахи од страна на Герасим Тодоров.[78] Меѓутоа, документацијата е многу јасна околу тоа дека причината за насилството била идеолошка – тоа што учителот ги учел децата за комунизам, за Тито и партизаните, додека Герасим немал против тој да остане доколку ги учи децата за обединета автономна Македонија.[79] Притоа, претставувањето на групата на Герасим како организиран отпор против „македонизацијата“ нема никаква основа – мнозинството од учесниците во неа се самоопределувале како Македонци.[80]

Причината за тоа што немало отпор е едноставна – самоопределувањето како Бугарин не било забрането, на Бугарите не им биле скратени правата по никоја основа. Во ниту еден момент во периодот на културната автономија не било опасно да се биде Бугарин во Пиринска Македонија, за разлика од ситуацијата по 1948 г., кога оние што го изразувале својот македонски идентитет и изјавувале дека македонскиот јазик им е мајчин „на големо ризикувале да ја следат судбината на отпишаните“.[81]

## Политиката и меморијата: идеолошки и социјални аспекти на митот

Промените во политичката линија во однос на македонското прашање им давале можност на групи луѓе да извлечат корист од нив. Така, првата промена што се случила во 1948 г. им дала можност на одредени луѓе со бугарска самоидентификација во областа или такви кои биле гледани како противници на македонската линија да настапат како херои и да го подобрат својот статус за сметка на поддржувачите на старата линија. Замената на комунистичката елита во областа се случува, имено, на таков принцип.[82] За да се спасат од смената, многу од членовите на дотогашната елита требало јавно и категорично да се одречат од своите дотогашни убедувања, ентузијастички да ги прегрнат новите и постојано да се докажуваат.[83] Можеле да

---

78 Груев, *Насилие*, 80; Шуплинков, *Моите спомени*, 71; исто и: https://bg.wikipedia.org/wiki/Македонизация_в_Пиринска_Македония#Съпротива_срещу_насилствената_македонизация (проверено на: 17.1.2019).

79 Макрески, во согласност со неговото сведочење пред истражните органи, како и во согласност со спомените на синот на Герасим и на учесникот во настаните, Крум Монев, е тепан затоа што пропагирал комунизам и го поддржувал Тито: „Герасим почна да ми зборува да се откажам од марксизмот-ленинизмот и да работам не за Титова и Димитрова Македонија, туку за автономна Македонија“ (Стойков, *Табу*, 98, 99; види и: Монев, *Македония*, 74, 75; Груев, *Насилие*, 320). Исто и: „(...) да не го величам и спроведувам Димитровското правителство, да не сборувам за съединението на Македония, като федерална единица во ФНРЮ или во НРБ, а да работам за аутономна Македония (...).“ (Груев, *Насилие*, 88). Целта на членовите на „бандата“, според истрагата, била „да создадат и да воскреснат една автономна Македонија под закрилата на Англија и на Америка“ (*МВ*, 297).

80 Така е регистрирано во документацијата по нивното судење во летото 1948 г. Стойков, *Табу*, 99–100.

81 Маринов, *Македонското прашање*, 49.

82 Види: *МВ*, 362, 363.

83 Спореди ги позициите на еден Мадолев во 1948 г. и потоа. *МВ*, 320, 556, 557; Ангелов, *Вик в съня*, 120–122.

избираат меѓу уништување (1948 – 1953), целосна маргинализација (по 1963 г.) или запазување на привилегираните позиции. Имено, во таква атмосфера е генериран првиот бран на документарни „докази“ и на „спомени“, кој, всушност, се јавува само како потврдување на одредената централна партиска линија. Поддршката на новата линија на Тодор Живков по 1963 г., пак, е основа за наметнувањето на една нова генерација кариеристи на клучни позиции во Пиринска Македонија. Од овие средини е составен важен дел од политичката, културната и од бизнис-елитата во Пиринска Македонија, но и во Бугарија и по 1990 г.

Поинтересни се, меѓутоа, ефектите кај обичните луѓе.

„Насилната македонизација“ се покажала како добра можност за оние што лично (или нивните родители) биле гонети како михајловисти, анархисти, земјоделци и сл. да претендираат дека, всушност, биле репресирани затоа што биле Бугари и не сакале да се изјаснат како Македонци, што било добра можност за достоинствено да се излезе од општествено деградирачката стигматизација „непријател на народот“. Тоа е единственото нешто што режимот го „признавал“ за своја грешка и според тоа единствената можност за рехабилитација на неговите непријатели во Пиринска Македонија.

Митот за „насилната македонизација“ отворил можност и за оние што се декларирале како Македонци до 1963 г. потоа да бидат безболно „интегрирани“ назад во митското единство. Додека проблемот за режимот бил повеќе идеолошки, за луѓето тој бил личен. Многумина кои, не сакајќи да бидат репресирани, прифатиле да ја сменат самоопределбата во бугарска се исправиле пред внатрешна драма – тие во секој случај биле предавници – или порано кога се изјаснувале како Македонци или сега кога се изјаснуваат како Бугари. „Насилната македонизација“ овозможила безболно да се реши тоа и во нивна корист и во корист на режимот. Тие стануваат „невини жртви“, кои биле постојано лојални кон режимот, а не предавници или опозиционери. Занемарувањето на тој дел од минатото или неговото преосмислување во меморијата се следниот, често правен чекор.[84]

[84] Соодветен пример за промена на меморијата во насока на адаптирање кон новите вредности можеби е и случајот со Ичко Бојчев и со неговото семејство. Тој бил добро третиран од комунистичките власти по 1944 г., а е репресиран за време на судирот меѓу Сталин и Тито, што сугерира дека бил осомничен како симпатизер на Тито. Во кажувањето на неговиот внук, меѓутоа, настаните се претставени како репресија затоа што одбил да се запише како Македонец во декември 1946 г., т. е. 4 години порано. Внукот во три наврати наоѓа начин да го потцрта тоа во текстот и во два наврати го коментира во фуснотите на својата мала книга од 50 страници (Григоров, *Ичко Бойчев*, 5, 39, 40, 46). Неговата сугестија дека тоа било одмазда на властите поради непослушноста е подеднакво неверојатно – со промената на политиката во однос на македонското прашање во 1948 г. се извршени радикални промени во раководството на Партијата и во администрацијата во областа. Нема воопшто да изненадува фактот ако, всушност, Бојчев се пишал како Македонец и бил симпатизер на културната автономија, што довело до тоа да биде репресиран по судирот со Тито – непријатна реалност, која потоа се преосмислува во семејната меморија.

Последното е во сила и по падот на комунизмот, кога културната автономија од периодот 1946 – 1948 г. е издигната во мит за тоа како државата ги предала луѓето, кои, наспроти тоа, ѝ останале верни. „Насилната македонизација“ продолжува да им служи како одлично оправдување на голем дел од денешните Бугари во Пиринска Македонија чии родители некогаш се изјаснувале како Македонци.

Искривувањето со спомените може да биде и несвесно, но најчесто е сосема свесно. Тоа е масовна појава во Пиринска Македонија и денес и има само една насока – потиснување на „срамното (и опасно) македонско минато“. Често сум гледал дека дури и луѓе што интимно ја зачувале својата македонска самосвест го кријат тоа од своите деца со вообичаениот аргумент: „да не страдаат“.

Сите овие моменти се одразиле во објавените спомени. Во нив има сѐ, само едно нема –корпус деликти. Досега не е објавено сеќавање на човек кој е репресиран затоа што бил Бугарин и не сакал да се запише како Македонец, а уште помалку да е документарно потврдено тоа. Тврдењата дека имало „насилство“ ги наоѓаме во ограничен број спомени, додека повеќето спомени на еден или на друг начин негираат дека имало насилство.[85] Во оние што зборуваат за насилство тоа е апстрактно, без конкретизирање и не е лично доживеано.[86] Притоа, повеќето од нив под „насилство“ го подразбираат самото запишување како Македонци, а не примена на насилни дејства или негативни последици. Отсуството на насилство јасно се демонстрира во тоа што во спомените како такво се претставувани репресии по друга основа. Во последното можеме да видиме обиди за усогласување на меморијата со официјалната и популарна догма – „насилство“ мора да имало, а меморијата која не содржи такви примери ги пополнува со други видови насилство, какви што имало многу во оној

---

85 Зборникот на Груев содржи вкупно 14 спомени поврзани со овие прашања, од кои 11 се на Бугари, а 3 на Македонци. Само осуммина од нив се сеќаваат на времето од 1946/1947 г.. Тројца Бугари и двајца Македонци (од кои едниот не е директен сведок) тврдат дека немало насилство. Тројца Бугари зборуваат за задолжителност или за апстрактно насилство и само еден (анонимен) зборува за конкретно насилство. Во однос на подоцнежното насилство врз Македонците, петмина Бугари и тројца Македонци го потврдуваат тоа (тука треба да додадам и уште еден спомен цитиран само во воведот на зборникот, Груев, *Насилие*, 56). Само двајца Бугари негираат дека имало насилство врз Македонците, но и двајцата биле дел од комунистичкиот апарат и порано се декларирале како Македонци, а потоа се преориентирале (види: Груев, *Насилие*, 56, 193–201, 203–205, 219–223, 235, 236, 237, 241, 244–255, 275, 291–293, 302, 310–312, 320). Единствениот кој зборува за конкретно насилство при „македонизацијата“ не тврди дека тоа му се случило нему или на негови блиски. Повеќето од примерите што ги дава не можат да се идентификуваат, но оние што можат да се проверат се однесуваат на луѓе репресирани поради други причини и пред „македонизацијата“ (види фуснота 72 погоре). Притоа, ова сеќавање, веројатно, е фалсификат зашто е анонимно и е раскажано на дијалект кој, според биографијата на раскажувачот, не е неговиот роден дијалект.

86 На пример, во спомените на Костадин Јаковлиев се истакнува дека, од една страна, промената на националноста во пасошите од македонска во бугарска поминала „някак си незабелязано“, зашто „сме си такива страхливи“, но од друга страна, пак, дошло до „тихи бунтове“ (?) „на места“ (кои?), дури и „до затвор“ (за кого?) пак „на места“ (кои?), но „сепак“ не се дошло „до ексцесии“ (Груев, *Насилие*, 193–195).

период. Дури, на некој начин, митот за „насилната македонизација“ се јавува како точка на фокусирање и можност за симплифицирање на овој исклучително комплициран период и за негово интерпретирање преку една едноставна приказна. Анализата на таквите спомени дава основа да се заклучи дека апстрактното насилство кај многу од нив не одразува некаква реална меморија, туку е рефлексија на широко популаризираниот мит за „насилната македонизација“, дури и канонизиран во бугарската јавност, т. е. зборуваме за актуализација на меморијата, преку која митот навлегува постфактум во спомените и се фолклоризира. Ова е слична појава со онаа што може да се набљудува во сеќавањата за „горјанското движење“ на вооружениот антикомунистички отпор.[87] За разлика од спомените за репресиите врз луѓето со македонска самосвест, кои се конкретни и документарно потврдени,[88] оние за наводната „насилна македонизација“ се безлични, апстрактни и погрешни. Не е чудно што таквите „сеќавања“ се сосема бледи и немаат оставено траума во меморијата на населението за разлика од оние за насилната бугаризација.[89]

Така, имаме повеќе групи население кон кои апелира овој мит во минатото и денес, а тие го сочинуваат мнозинството од населението. Тоа му ја дава општествената основа на овој мит. Единствен исклучок се оние што одбиваат да ја прифатат оваа своевидна историска амнестија, оние што останале постојани на својата самоопределба како Македонци и како такви го преживеале гневот на режимот и доживуваат национална стигматизација и денес.

## Заклучок

Поимот „македонизација“ се појавува во времето на судирот со Југославија по април 1948 г., а се однесува на наводниот стремеж да се направат Македонци и припадниците на бугарското малцинство во Пиринска Македонија. Тој бил израз на промовирањето на една нова политичка линија за пробугарско решавање на македонското прашање.

---

[87] Спореди Груев, *Насилие*, 90, 91: „Цел е насочената стратегия на Държавна сигурност и на властта като цяло за представянето му [на движењето – заб. С. С.] като изцяло разбойническо, антибългарско и продажно (на Запада) в общи линии съумява да затвърди у обикновения човек този стеротип. С малки изключения паметта за горяните не е индивидуализирана, имената на техните предводители почти не се помнят или се бъркат.“

[88] Голем број (но далеку од сеопфатност) такви документи (пресуди, досиеја, документи на службите за безбедност итн.) и спомени се собрани во мојата книга *Табу*: за апсења, тепања, заплашувања, исклучувања од училиште, бркање од работа, исклучување од Партијата, иселување од округот или испраќање в затвор на долги години.

[89] Груев, *Насилие*, 77. За разлика од спомените за „македонизацијата“, запишувањето на луѓето во Пиринска Македонија како Бугари по 1965 г. предизвикало незадоволство кај дел од населението и во областа „се помни много повече и оказва изключително силно впечатление“ (Груев, *Насилие*, 101). Имајќи предвид дека двата процеса требало да засегнат различни групи луѓе и дека временската разлика е минорна (15-ина години), тоа сугерира дека „насилството“ врз Бугарите би требало да е фиктивно или минорно.

По август 1948 г. се употребува во смисла на правењето на Македонците од малцинство во мнозинство во Пиринска Македонија преку резултатите од пописот од 1946 г.

Постепено, во периодот 1957 – 1963 г. вториот поим е напуштен, а првиот еволуирал во „насилна македонизација". Квалификацијата „насилна македонизација" веќе предвидувала дека  населението воопшто нема (или не треба да има) македонска свест, туку бугарска, но дека македонската му била наметнувана против неговата волја, со насилни мерки. Сите овие промени се дел од официјалната терминологија на тоталитарната власт, која била одредувана централно и проследувана надолу, а не претставува нешто што се појавило спонтано и како одраз на реалноста. Таа го изразува односот на тоталитарната власт кон процесите и појави, но не ги дефинира нив. Затоа употребата на тоталитарни етикети како „насилна македонизација" без наводници во науката е неоправдано.

Поимот „насилна македонизација" денес има идеолошка и националистичка оптовареност и митска функција. Сите основни компоненти на интерпретацијата на минатото поврзана со него се или неточни или тенденциозно искривени, приспособени кон претходно дефинираната идеолошка теза. Таа се базира на неточното и примордијално третирање на населението во Пиринска Македонија како бугарско и има функција да ги заштити митолошките темели на бугарската нација, идеолошките столбови на државата, за кои македонската нација, а особено македонското малцинство во Бугарија, се јавуваат како перманентен земјотрес.

„Насилната македонизација" игра улога на мит и на чисто психолошки план. За оној дел од населението што некогаш се декларирало како македонско, а потоа прифатило да биде бугарско, тоа е начин да излезе достоинствено од спомен кој, инаку, е прилично трауматичен. Митско и дури мистично во него е и насилството – насилство над луѓе кои се примордијални Бугари, дури и кога не знаат дека се Бугари и не чувствуваат насилство. Популаризиран е преку филмови, а го наоѓаме и во некои учебници. Од официјалната пропаганда навлегува постфактум и во некои сеќавања, претворајќи се во фолклор.

Митот имал сериозен одраз во науката. Прва жртва била научната методологија: изворите се цитираат селективно и тенденциозно и се приспособуваат кон претходно прифатените национални тези. Целта се заменува – се оди од истражување кон апологија и докажување. Се забележува еден научен далтонизам во екстремни форми – сè станува црно-бело. Се демонстрира крајна форма на субјективизам – изјавите што ја потврдуваат тезата се третираат како израз на реалноста, а спротивните – како формални или лажни. Друга жртва е терминологијата: се врши редефинирање на поимот насилство, кој се употребува метафорично, без да се докаже конкретно насилство и без да се земе предвид времето во кое се случува. Од друга страна, насилството врз луѓето со македонска самосвест, кое е богато документирано, се пренебрегнува или се претставува како оправдана акција против странски агенти. Настаните се

вадат од контекстот на времето, се откинуваат од политичките процеси за да се разгледуваат во еден неактуелен „национален“ контекст. Се создава echo-chamber меѓу приврзаниците на оваа идеја, кои меѓусебно се повторуваат, се цитираат и се поткрепуваат. Констатациите, оцените и револтот на авторите во нивните трудови често сочинуваат многу поголем дел во споредба со сето она што конкретно и фактолошки можат да го цитираат за темата.

Митско-емоционалното третирање на темата е причина да не се почитуваат научните принципи до степен да се игнорира фактот дека нема реално репресирани луѓе – нема корпус деликти. Нема конкретни луѓе репресирани поради својата бугарска самосвест, нема пресуди, нема досиеја, казни и сл. Потребата за преиспитување на овие процеси без идеолошки очила е сосема очигледна.

Идеологизацијата и претворањето на делови од историјата во бојно поле ни ја одземаат исклучителната можност да истражуваме уникатни процеси на еден простор на кој се среќаваат и си конкурираат две национални линии, да ги проучуваме појавата, развојот и влијанието на македонското и на бугарското национално „јадро“ што се формирани претходно. Наместо тоа, историјата се „поправа“ за да биде идеолошки коректна за националниот наратив.